СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и шестата седница на
Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јули 1992 година

Скопје, јули 1992 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 46-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНО НА 29 јули 1992 год.**

Дискутанти

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 13, 23, 74, 81
2. АБДИ ФАИК - 42, 91.
3. АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА - 47, 57
4. АРСОВСКИ БРАНКО - 96
5. БОШКОВ ЈОРДАН - 15
6. ГЛИГОРОВ КИРО - 20 ( Разговори со МОК )
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР -15, 24
8. ДИМИТРОВА РАТКА - 14
9. ДАВЧЕВ САНДЕ - 101
10. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 4
11. ЈОВАНОВ РИСТО - 19
12. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 85, 94, 98
13. ЛЕПАВЦЕВ АЛЕКСАНДАР - 25
14. ЛИЧОСКИ ВЕЦКИ - 66, 69, 70, 72, 73, 74
15. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 59, 90
16. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН - 44
17. МАЛЕСКИ ДЕНКО - 6, 17
18. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 24
19. НАУМОВСКИ СИМЕОН - 34
20. НАСЕВ ПАНЧЕ - 92, 99
21. ПЕТРОВ ТОДОР- 11, 13
22. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 87
23. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 16
25. САДИКУ ФЕРИД - 19
26. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 78
27. ТЕМЕЛКОВСКИ ГОЦЕ - 60
28. ТРАЈАНОВСКК ПЕТРЕ - 83
29. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 90
30. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 22
31. ЌЕЛЕШОВ РИСТО - 86
32. ЧКАТРОВСКИ БЛАГОЈА - 75
33. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 82

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јули 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа.

Имаме присутни 63 пратеници.

Пратениците Фаик Мустафа, Димитар Поповски, Иван Иванов, Зоран Крстевски, Борис Змејковски, Љубосав Иванов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дневниот ред е пречистен и поделен.

Имаме два предлога. Министерот за надворешни работи моли ако може точката 19 да ја расправаме како точка 2 и тоа би бил еден блок надворешно политички проблеми.

Второ, господинот Никола Апостоловски предложи точката 18 да дојде како точка 3 од дневниот ред.

Дали се согласувате со овие предлози? (Се согласуваат).

Минуваме на **точка 1** - Предлог на одлука за стапување на Република Македонија во членството на организацијата на Обединетите нации.

I/2/пј/см

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и Законодавно- правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Дали некој од Владата сака нешто да каже? (Не).

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јасно е дека во процесот на меѓународното признавање на Република Македонија има некои кочници кои што беа така цврсти и доведоа до блокирањето на меѓународното признавање. Мислам дека оваа предлог одлука за обраќањето до обединетите нации и за прием во членство на Република Македонија заслужува внимание и ние од тој аспект ќе ја поддржиме. За нас се поставува како прашање самиот чин на обраќањето на Обединетите нации и што тоа практично значи. Практично, произлегува дека обраќањето до Обединетите нации требаше да биде извршено многу порано и мислам дека само во такви услови можеше да се очекуваат и благопријатни решенија во однос на меѓународното признавање на Република Македонија. Јасно е дека се доцни. Кога веќе имаме званичен став на Европската заедница во однос на признавањето на Република Македонија недвосмислено произлегува и еден факт а тоа е дека се потврдуваат погрешките во водењето на политиката на меѓународното признавање на Република Македонија. Овие погрешки доведоа токму и до блокадата на меѓународното признавање на Републиката од Европската заедница, така што сега со обраќањето до Обединетите нации, ние доколку предлагачот, Владата нема соодветна подлога и претходна подготовка во однос и на поднесувањето на самиот предлог, постои една голема опасност ние да влеземе и во една втора блокада во однос на признавањето на Република

Македонија, а тоа е блокадата која што може да ни ја наметне Советот за безбедност на обединетите нации. Мислам дека отсуствува една анализа во Предлогот на одлуката, па оттука сметам дека не е на одмет она што е образложение во Предлог - одлуката за нас претставува едно стандардно образложение. Прашањето за меѓународно признавање на Република Македонија, бара многу поквалитетно образложение и мислам дека овој состав, овој Парламент има право да бара предлагачот на одлуката да даде и други елементи кои што ќе можат со сигурност да предизвикаат и позитивно реагирање во Советот за безбедност. Кога викам други додатни елементи, сметам дека самиот чин на поднесување на оваа одлука значи дека претходни подготовки. Дали, на пр. е консултирано со некои држави кои што евентуално би не поддржале со самиот чин на расправата да кажам во Советот за безбедност. Или се оди едноставно голема желба на овој Парламент, одиме слепо, па што ќе биде тоа да биде. Мислам дека со две блокади не ќе можеме повеќе да одиме и да опстојуваме во меѓународното признавање. Треба да се каже од оваа говорница какви ќе бидат ефектите во случај на вето од страна на членките од Советот за безбедност, а знаеме дека во Европската заедница постојат две членки Франција и Англија. Тие секако ќе се држат на она што го зацртале веќе во ставот изграден во Европската заедница и јасно е дека сега нема да дозволат Советот да врши некаква корекција на нивните ставови што ги утврдиле на ниво на Европската заедница. Оттука, сметам дека треба предлагачот да излезе на оваа говорница и да ги каже сите релевантни елементи, не само нашата желба дека сакаме прием во членството на Обединетите нации, туку веродостојноста и можноста таа да се прекрши повеќе на она што викаме обединети нации и Совет за безбедност. Навистина, последиците од ставањето на вето, ние овде сме правници, сме

студирале пред 20 и 30 години итн., можеби немавме доволно време да го консултираме меѓународното право и постапката за прием во Обединетите нации, но предлагачот секако е должен да му објасни на овој Парламент каква е постапката и последиците од ставањето на вето што со сигурност ќе може да се очекува од Советот за безбедност.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, ја поздравувам одлуката на предлагачот и воедно мислам дека ќе биде прифатено од страна на овој парламент за стапување на Република Македонија во членството на организацијата на Обединетите нации. Не навлегувајќи во тоа дали е таа правовремена и дали можеби треба да биде заедно со писмото испратено за прием во членките на земјите што се членки на Европската заедница, мислам дека ова за нас значи прошируваше на се она што Македонија до сега го бараше, односно проширување на хоризонтите за признавање на Република Македонија. Јас не сакам да прејудицирам дали ќе биде ставено вето од страна на поедина држава, членка на Советот на безбедност, односно од страна на петте стални членки од Советот за безбедност меѓу кои што се Англија и Франција. Можеби тие ќе настојуваат да ги задржат своите ставови, меѓутоа, за мене значи проширување на овој проблем на земји кои што не знаат за Македонија многу, земји кои што ќе сакаат да и помогнат на Македонија, а воедно значи и популаризација на проблемот на Република Македонија. Со самото тоа кај нас сега мислам основно нешто на кое што овој Парламент и веројатно Владата на Република Македонија ќе треба повеќе да се залага за проширување на разговорите и договорите на сите земји членки на Организацијата на обединетите нации односно на

земјите членки на Советот за безбедност, се со цел да можат да дадат позитивна препорака за Република Македонија. Ова отвара едно широко поле за многу поголем број на остварување на посети и контакти се со цел Македонија да се здобие со она што во овој момент на нас ни е најмногу потребно, а тоа е меѓународното признавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Укажувам дека Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство поднесе амандмани на преамбулата и на членови те 1 и 3 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на одлуката.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Дали некој од владата сака нешто да каже (Не):

Во тој случај, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали некој има против= (Нена):

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека одлуката за стапување на Република Македонија во членството на организацијата во Обединетите нации е донесена.

Минуваме на **<u>точката 19</u>** - <u>Информација за писменото обраќање на Алојз Мок до Владата на Република Македонија за признавањето и името на Републиката, како и разговорите што беа водени од страна на македонското раководство со специјалниот пратеник на Алојз Мок во Скопје.</u>

I/6

Оваа точка како што знаете вчера е ставена по предлог на Ристо Јованов, пратеник во Собранието.

За збор се јави господинот Денко Малески.

**ДЕНКО МАЛЕСКИ:**

Дами и господа во овие 16 месеци имав над 100-тина средби од кои со многу министри за надворешни работи. На нив е објаснувана позицијата на Република Македонија, се разбира, и по прашањето на името. Мојата аргументација по ова прашање би била секогаш следната.

Прво, правото на самоопределуваше подразбира и право секој народ да каже кој е и како се вика.

Второ, зборот Македонија не е само име на држава, туку го симболизира нашиот национален идентитет. Тој збор е вткаен во нашата историја, во нашата литература, во нашите песни, во нашите приказни. Оваа аргументација му ја изнесов на Министерот Мок, на средбата во Хелсинки на 27 март 1992 година која траеше половина час и на која министерот поголемиот дел од времето слушаше за да ме убеди дека во наредната недела ќе ми се јави. Тоа не се случи и наредните месеци, ако добро паметам, тој се сретна со претставници на една партија од Парламентот и со д-р Васил Тупурковски. Сега се поставува прашање зошто од овие повеќе од стотина средби токму средбата Мок - Тупурковски стана проблем, зашто оттука потекнува сомневањето кое паѓа и врз останатите учесници во надворешно - политичката активност, едни од кои сум и јас. Да одговорам. Затоа што се чини дека еден од учесниците во случајот на Тупурковски исчекори од процесот на преговори кои се водеа под Претседателството на ЕЗ и претседавачот Пињеиро. Ќе прашате како/ Изнесувајќи во јавност детали од разговорот со министерот Мок и на нив додавајќи свои коментари.

Така, ако добро се сеќавам Тупурковски рече дека политиката на Македонија е ригидна, претпоставувам и по прашањето на името. Г$?оа се спомна сума пари која, повторно претпоставувам, би следела како помош доколку македонската политика би станала пофлексибилна.

Се поставува прашањето дали може било кој од нас кога оди надвор да ги ограничи странците, странските соговрници околу темата која тие сакаат да ја искажат. Се разбира, дека не можеме. Оттаму и правото на министерот Мок да зборува за проблемот на името. Каде е тогаш тука нашиот проблем? Проблемот е што наместо ова мислење да се пренесе во надлежните институции, се изнесува директно во јавноста. Оттука и дилемите кај странците дека нема само една надворешна политика, туку дека постојат една ригидна и една флексибилна варијанта во врвот на државата, со сите забуни кои од тоа следат.

Што се однесува до австриските предлози содржани во писмото на Мок, адресирано до мене, го мислам следново. Тоа беше обид да се помогне Грција затоа што Австрија всушност ги пренесе грчките ставови. На овој заклучок укажуваат елементите на предлогот содржани во писмото на Мок, кои се следните.

Прво, да се смени името, тоа е грчки став.

Второ, да се компензира тој чекор со финансиски средства. Повторно тоа е грчка понуда која сме ја слушнале повеќе страни во светот. Тоа за нас беше неприфатливо токму како последица на фактот дека не бевме спремни да го смениме името се донесе Лисабонската декларација. Да беше поинаку таква декларација не се беше ни потребна. Значи, на Лисабонската декларација и претходи една тешка борба да не се попушти

пред Грчкиот ултиматум. Во името на таа борба во која Македонија стекна углед на држава спремна на дијалог, но и на држава која не попушта пред уцени, ве повикувам да му верувате многу повеќе на сопствениот министер за надворешни работи отколку на било кој друг министер од странска земја. На вас е обврска да се искачите на тоа рамниште на свеста.

Предлагам, инаку, оваа информација што сега ви ја даде да се прифати и да не се отвора расправа за нешто што може да има само штетни последици по угледот на Република Македонија.

Напоменувам уште еднаш дека е крајно невообичаено да се изнесува во јавноста дипломатска преписка меѓу министри за надворешни работи. Елементарен предуслов за прифаќање на овој мој предуслов да не се расправа за ова, за содржината на писмото е дека сте убедени оти мојот ангажман секогаш имал, ги имал пред се интересите на Република Македонија како цел. Без тоа минимално ниво на доверба нема надворешна политика, нема никаква политика воопшто, има само еден бесконечен синџир на сомневање кој не отклонува од основните работи со кои оваа држава треба да се зафати и води кон распаѓање на системот, кој барем во една елементарна смисла почива и врз она што се вика доверба на народот и неговите претставници, пред оние што ја извршуваат полити ката.

Едновремено мислам дека треба да му се дозволи на господинот Васил Тупурковски да ги елаборира јавно неколкуте реченици изречени на телевизиската емисија и немојте да дозволиме врз основа на три реченици да создадеме случај во овој Парламент. Доколку пак се одлучите на јавна телевизиска расправа за текст на писмо на еден странски министер за надворешни работи,а битните елементи на тоа писмо јас ви ги спомнав,

промена на името и компензација за промената на името, ако се одлучите да го анализирате тоа писмо тоа јас да го умножам, па потоа да го поделам тука и да почнеме расправа, може да се случи во иднина министри од светот да одбегнуваат комуникација со оваа република од страв дека не сме во состојба да сочуваме и најелементарен степен на дискреција. Затоа, ве молам да внимавате каква одлука вие тука ќе донесе- те. Зашто на стотици писма се дојдени во Министерството за надворешни работи со најразлична содржина пишувани од луѓе со добри намери или поинакви да ни помогнат или да ни^одмогнат, но тоа е дел од таа дипломатска работа.

Истата оваа аргументација држи и кога се работи за посетата на пратеникот на Мок амбасадорот Рохам за чиј што претстој постои опширен записник на цели 9 страници кој исто така го имам тука. Но, таа аргументација држи и за тоа. Имено, во неколку кратки реченици. Тој се обиде да ги промовира австриските односно грчките ставови. Ние пак со сета своја расположива аргументација се спротивставивме со тоа. Со тоа заврши средбата за која австриската страна не жалеше средства, амбасадорот дојде со специјален авион, ниту време денот беше сабота, време на викенд. Писмото на министерот МОк, како и посетата на амбасадорот Рохам беа на лична иницијатива на пишувачот односно на гостинот кој дојде овде. Грижата за кого беше таа пред се останува на вас да одлучите. Меѓутоа, мислам дека со оваа информација која ви ја дадов треба да заврши секаква расправа околу писмото на министерот Мок упатено лично до мене. Од принципиелни причини да не стане преседан, прво, кој што ќе ги декуражира другите министри да комуницираат со нас и второ да не ја доведеме Република Македонија во дипломатска изолација зошто тоа едноставно ќе проструи од овде  и тие колеги и министри меѓу

себе кои се среќаваат ќе имаат што да си кажат по еден ваков еден повод, а тоа е умножуваше и делење на писмо на министер за надворешни работи и расправа врз основа на неговите зборови во еден странски парламент. Тоа е најдобро што можам да ви кажам како совет и се надевам дека ако ви е блиску до умот и до срцето дека ќе го прифатите.

II/1.- JM-ВБ

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Кога излегувам на оваа говорница секогаш со цел ум

Изнесувам мои видувања и сметам дека еден министер не може од говорницата на овој Парламент да ни каже дали со пола, цел, или незнам со каков ум излегуваме и бараме нешто. Ако некој смета дека би настанале штетни последици, сметам дека штетните последици настанаа со самото тоа што ако ништо друго, тогаш барем ние како пратеници, или дел од јавноста после Информацијата, од- носно соопштението на Либералната партија - Реформските сили воопшто од официјалните институции не добивме никаква валидна информација за разговорите во Австрија заедно со личниот пратеник на претседателот на Републиката господинот Тупурковски. Сметам дека не е чесно, луѓе одат на погреб,не се собираат без мртовец. Ние отвораме некоја расправа, а личноста за која се води расправата воопшто не е ни присутна. Сакам да го известам Парламентот повторно заради тоа што на 26 јуни 1992 година поднесов барање за изготвување извештај за работата на специјалниот пратеник на претседтелот на Републиката д-р Васил Тупурковски, меѓутоа до ден денес Парламентот нема добиено официјален извештај од страна на претседателот на Републиката. Должност беше на оној кој што го промовираше специјалниот пратеник на седница на овој Парламент заради спазување на принципот на отчетност да поднесе извештај за активноста на тој специјален пратеник во овој Парламент, ако ништо друго за да се демантираат евентуално сите задкулисни озборувања во врска со овој случај. И друго, сметам дека довербата во овој Парламент за водењето на надворешната политика падна во моментот кога во расправата за Декларацијата на Европската заедница ние не слушнавме став од министер

за односи со странство, туку слушнавме личен став од господинот Денко Малески, слушнавме личен став од господинот Блаже Ристовски кој е потпретседател на Владата и до ден денес како пратеници воопшто не бевме информирани за заснованоста и вистинитоста на она што беше кажано во излагањето на господинот Блаже Ристовски. Она за што беше ставена информацијата јас лично како пратеник сметам дека воопшто не сме информирани. Ние не ја водиме расправата за да јавноста не гледа рекламирајќи се преку директни ТВ преноси. Ако е во интерес на оваа држава, а претходно испраќаме некого да преговара во името на оваа држава, притоа да се утврдат одредени неправилности, отскокнуваве од заеднички утврдената платформа за мене сосема е нормално ако е во интерес на државата седницата да се прогласи за затворена, и тие информации да бидат изнесени на самата седница. Инаку целта за што беше ставена Информацијата со оние барања од пратеникот Ристо Јованов ние не добивме одговор од оваа говорница, од министер за односи со странство. И јас сеуште стојам на барањето кое што го доставив во Собранието ние од претседателот на Републиката да добиеме извештај за работата на специјалниот пратеник на претседателот на Републиката д-р Васил Тупурковски како што прилега во една нормална процедура на парламентарна демократија за да по тој извештај во присуство и на тој личен пратеник на претседателот да добиеме соодветни информации не само од оној кој што напаѓа, туку и од оној што е нападнат. Сметам дека оваа расправа не треба да ја завршиме со некаков заклучок, туку расправата да ја продолжиме во моментот кога ќе го имаме извештајот и кога ќе можеме со сите присутни да отвориме расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Ако ми допуштите само би потсетил дека овде на дневен ред не е личност, туку е Информација за писменото обраќање на Алојз Мок до Владата на Република Македонија за признавањето и промена на името, како и разговорите што беа водени од страна на македонското раководство со специјалниот пратеник на Алојз Мок во Скопје. Според тоа, алузиите на господинот Петров не држат и немаат основа во дневниот ред.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Претседателот е малку во предност што може да си дозволи комодитет на сечија дискусија да си дава коментар, затоа што се наоѓа со столчето до микрофоните. Ако сака да дискутира, говорницата е присутна за сите пратеници, а не да дава коментари, "што сакаше Петров да каже". Она што сакаше , го кажа. Што разбраа пратениците нека се изјаснат сите ако мисли претседателот за да кажат што сфатиле, а не претседателот да прејудицира што сакал Петров да каже, или да не каже. Господинот Тупурковски беше споменат од оваа говорница, тоа јас не го измислив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Моја обврска беше или да ви упаднам во збор бидејќи се оддалечувате од точката на дневен ред и велите дека е нешто друго на дневен ред, или да објаснам после вашето зборување. Јас го одбрав ова второто за да не ми приговорите како ве оневозможувам да се искажете, иако тоа ми беше задача да го сторам.

II/4.-

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, морам да кажам дека сум изненадена и затечена малку со сето ова и со точката на дневен ред која беше побарана на крајот од дискусиите околу дневниот ред вчера а и со тоа што наеднаш таа точка излезе на почетокот на дневниот ред денес на оваа седница. Мојот впечаток е дека не може една ваква точка од волкава важност да се стави прво, без материјал . Досега нашето претседателство имаше многу цврсти ставови околу тоа што и како може да дојде на дневен ред. Ова некако многу лесно се протна на дневен ред. Јас лично чувствувам еден срам за сето ова. Мислам дека не е во ред вакви крупни работи, ако ни е вистина до достоинството на оваа држава, до кредибилитетот во нашето министерство, на надворешната политика и се не е во ред ваквиот начин на поставување на точка на дневен ред овде. И се сложувам со Тодор Петров дека тука треба да биде присутен и специјалниот пратеник. Ние имаме право да го повикаме,ние имаме право да разговараме за тоа, но пред се имаме должност да се разбереме во меѓусебни разговори пред тоа, што е најпаметно да се изнесува јавно и оваа говорница не е циркус за народот. Тоа што најмногу ми тежи дека еден денонскијански стил полека, полека се подигнува на ниво на државен стил. Тоа е нешто што јас не сакам да го прифатам и затоа ве молам да прекинеме денес со расправа по оваа точка, да се договориме претходно на кој начин, си има правила, си има процедура, досега на таа процедура многу цврсто се настојуваше за работи кои беа многу важни. Му замерувам и на министерот што станува многу лесно да зборува за една ваква работа за која што е свесен што може да донесе за државата, а не станал кога бил прозиван за многу важни работи, за стилот, начинот, како ќе ја водиме ние воопшто нашата држава и нашата

II/5.-

надворешна политика. Ве молам, да ја одложиме точката и да продолжи расправата друг пат кога сето ова ќе биде поподготвено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, за моја претстава паднаа непотребно многу зборови. Тоа што некој имал некаква цел со уфрлувањето на оваа точка на дневен ред, а не го постигнал , тоа е едно гледиште. Јас сметам дека нашиот Деловник тука има многу нешта недоречени. Повикување на оваа говорница на лица кои не се членови на Парламентот а воедно не се носители на извршната власт, по мое убедување не е баш на место независно која функција ја вршеле по налог на државните органи. Сметам дека господинот Васил Тупурковски може да биде повикан на седница, дали на матичната комисија за надворешна политика, дали на некоја посебна комисија која овој Парламент ќе повели да ја состави која би подпаднала под графата на анкетни, или на истражни комисии. Тоа можете сами да оцените. За мене во овој миг е прифатливо да не се води расправа понатаму, бидејќи онака како што гласи точкава, тоа и го чувме дека сето тоа веќе беше и однапред познато исто така стои и дека фактички ништо ново не добивме од министерот, но таков е начинот на работење во нашиот Парламент, а тука сите здружено се потрудивме Деловникот да не го донесеме досега.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ова што денес имаме прилика да го чуеме за мене само потврдува една вистина дека во техниката ка водењето на надворешната политика на Македонија во многу сериозен процес околу признавањето несоодветно се

II/6.-

постапувало. За мене е фрапантно да чујам дека од прилика со позната тема некој дошол и ние сме имале трпение да го ислушаме ставот од кој што произлегле 9 страници записник, а се работи за тоа под претпоставка сосема извесна дека ќе ни се врши притисок за сметка на трета држава во врска со името. Има непишано правило во дипломатијата дека за работи каде што некој е категоричен воопшто не сака да разговара, а ние сме прифатиле да разговараме, да ислушаме една страна со сосема сигурна претпоставка дека ќе ни се бараат отстапки. Затоа мислам дека држи денес да не расправаме за оваа точка бидејќи би влегле во сопствена замка како Парламент да ја повториме истата грешка што надлежното министерство ја направило во процесот на разговорите во врска со признавањето на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, произлезе дека за се има некој друг виновен. Меѓутоа, кога го усвојуваме дневниот ред не водиме сметка за содржината на точката, а сега ќе се расправаме. Вчера усвоивме дневен ред. Затоа ќе се придружам кон зборот на господинот Бошков Информација за писменото обраќање на Алојз Мок до Владата на Република Македонија за признавањето и промената на името. Тоа е првиот дел од ова прашање. Министерот го кажа. До тука ова како Парламент што сме го барале е одговорено. Останува да ни биде јасно дали вториот дел од дневниот ред од оваа точка, односно и ќе има место на настапувањето на господин Петров и оние кои го застапуваат неговото мислење да расправаме, или не, а тоа е како и разговорите што беа водени од страна на македонското раководство. Оваа точка не треба да ја поистоветуваме под македонско раководство со министерот. Министер не е раководство, ниту Владата не е раководство. Ако сме усвоиле ваков дневен ред, тогаш треба да видиме кој

II/7.-

на овој втор дел од дневниот ред, односно од оваа точка ќе треба да даде дали информација и дали во овој дел сега ако го следиме стилот на пишување дали ќе треба седницата во тој дел да биде јавна, или од односот, од принципите на кои се залагаше министерот за односи со странство ќе треба да биде затворена седница. Во секој случај Собранието како највисок орган на власта ќе има законодавна власт ќе има можност и право да ги чуе овие извештаи, овие искажувања, овие односи и дури тогаш ако ги земеме стенографските белешки кога Јованов вчера бараше и го спомна, а и сега министерот го спомна Тупурковски дали ќе треба да биде присутен или не. Ние практично сами не се почитуваме себе, а сакаме на друг да му замериме. Затоа предлагам вториот дел од дневниот ред, односно од точката на дневен ред да се прогласи за затворена седница и тогаш од државното раководство да побараме известување.

**ДЕНКО МАЛЕВСКИ:**

Прво, тоа што сум овде пред вас и ако сум во оставка е заради тоа што сами донесовте одлука вчера јас да дојдам и нешто да ви кажам околу ова. Непријатно ми е и тоа што морав имиња да спомнувам, особено името на колегата Тупурковски, меѓутоа сето тоа е во контекст на една телевизиска емисија она што е кажано и по тоа она што овде се пренесува и се. Значи зборувајќи за содржината на барањата јас едновремено морав тоа да го лоцирам во еден амбиент и во носителите на луѓето кои што кажале едно, или друго. Тоа не можеше да се избегне, иако размислував како тоа да го изведам многу подипломатски , да не спомнувам никого. Едновремено потсетувам дека реков дека дискусијата треба да се прекине и да не се прави, да повторам уште еднаш што прочитав "да не дозволиме врз основа на три реченици изречени на телевизиска емисија да создадеме случај овде" и да се даде можност на колегата Тупурковски тоа да го

образложи, што мислел по тие загадочни реченици. Инаку за оваа вторава работа не постои прв и втор дел. Тоа е една иницијатива, една акција на австријанците. Во првиот дел е тоа писмото кое го испраќа Мок во кое што се залага во интерес на мирот, стабилноста итн. да размислиме за друго име и дека од тоа ќе произлезе сесрдна помош, соработка итн. Тоа е суштината на писмото. А неговиот специјален пратеник кој е испратен да дојде непосредно пред една од средбите на Европската заедница и даден му е и специјален авион да дојде тука, да се обиде да контактира со претседателот на Републиката и со министерот за надворешни работи и беше примен и од едниот и од другиот, му беа повторени тие ставови, ставови кои што постојано се повторуваат околу прашањето на името. Тука нема никаков случај. Од ова не може да се направи никаков случај. Ако се формира некаква комисија за истражување, нека се направи тоа, нека работи тивко, нека ја сработи својата работа и нека не му пречи и потоа нека излезе овде јавно и нека не му пречи на Парламентот во зафаќање со други проблеми, бидејќи се плашам дека една ваква работа може да не вовлече во едни дневни политикантски расправи, ти реков, ми рече итн. Затоа ве молам во името на нивото и на Парламентот не покренувајте расправа денес. Ако одлучите да се спроведе некаква инспекција на тие писма и на тие белешки што ги имаме во Министерството, тоа е веќе работа на постапка и нека се направи. Нека се направи брзо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ристо Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Видите јас ќе се сложам овдека со министерот да не отвораме полемика, да не го отвораме тоа писмо, тие фамозни стенограми, туку овде да бидам чист кога ќе излезам од оваа седница, поготово после оваа точка, се обрати, ако добро го запомнив рече, не го разбрав добро господинот Малевски, сакам да бидам јасен рече дека некој водел фригидна политика некој флексибилна. Дали мислеше тука на господинот Тупурковски, каква политика водел за признавањето на Републиката, а друга политика дека водело Министерството за односи со странство. И пак би рекол дека не се согласувам целосно со една молба да ќутиме, да ќутиме. Јас би рекол дека и доста ќутиме, 16-17 месеци и од толку ќутење сме на истото место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Садику

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувано пратеници како што знаете вчера изгубивме цел ден за утврдување на дневниот ред. Досега било пракса секоја информација пред Парламентот како информација да ја сослушаме и да не се отвара расправа. Сега одеднаш се појавуваат многу паметни луѓе кои што наоѓаат грешки, грешка направена таму, не се рекло ова, се пропуштило тоа, а јас од оваа говорница барам од претседателот на Собранието и како предлог од моја страна да се постави на гласање кој е за ова да остане точката 19 како информација и да не се води расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

III/2.-

Јас господо немам право да одземам збор на било кого.

Има збор господинот претседател на Републиката.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитувани пратеници,во овој случај што се однесува до разговорите водени врз иницијативата што ја даде Министерот за надворешни работи господинот Алојз Мок со своето писмо и со желбата да испрати специјален пратеник тоа да ни го донесе, нема, апсолутно, никаква тајна. Тоа што ви е речено е содржина на писмото и на нашиот одговор.

Од една страна ни е предложено во случај да сме спремни да прифатиме Македонија да има друго име, двојно име од една страна, од друга страна да внатре се вика како таа сака, тогаш дека може да уследи акција за признавање односно да следи и еден пакет на економски мерки за помош на Македонија, повлечено со оглед на нејзиното вкупно досегашно однесување итн. Тоа е суштината на писмото на Мок.

Суштината на нашиот одговор е дека тоа не е прифатливо и дека врз таа основа ние не можеме да бараме решение за она прашање з кое сметаме ние и не само ние дека сме ги исполниле сите услови и дека имаме право да бидеме признаени како независна држава,не под било чиј диктат, не под едно решение што одговара само на интересот на една земја членка, која ја користи својата привилегирана позиција, бидејќи седи на масата каде што се донесуваат такви декларации дека е тоа недозволено и дека без согласноста на Македонија не може да се донесе одлука за менување на нејзино име, ова затоа што постоеше п таква опасност да не признаат под некое бог знае какво име, се спомнуваше централна балканска република и слични некои имиња. Тоа е суштината на целиот разговор. Тоа е една работа.

Друга работа е што се однесува расправата во вакви ситуации. Обичај во парламентите е да се вакви работи каде што треба да се

консултираат документите, претресуваат на одборот за надворешни работи и тогаш таму како што рече и господинот Бошков со право, се повикуваат луѓе коп што треба да сведочат. Тоа во Америка се хирингс луѓе кои не се членови на парламентот кои имаат некаква врска со сета работа или кои што треба да дадат некое свое мислен>е итн. , се повикуваат и тогаш и таа страна ќе се чуе. Расправа за вакви работи на пленум на Собранието, јавна расправа, мислам дека од сите оние причини кои Ги изнесе нашиот министер за односи со странство не е препорачлива. Не затоа дека треба нешто да се сокрие туку не е тоа начин на однесување на една независна суверена држава, која што за надворешната политика го известува парламентот, претпоставка е дека секогаш ќе биде добро информирана аз сите работи, а овие разговори биле токму на линијата на која досега нашиот парламент ја зацртувал ориентацијата која сите ние кои сме задолжени да ги водиме тие разговори, сме ги застапувале. Според тоа, не мислам дека е потребен и посебен извештај за работата на специјалниот пратеник. Јас немам ништо против тоа, да се разбереме, досега не сум го добил и извештај од амбасадори и амбасади, наши кои што ќе ги имаме во странство, не се разгледуваат ан Собранието. Тоа се активности на одд-делни делови од она што се вели надворешен сектор на секоја држава каде што министерот за односи со стопанство, потоа претседателот на Владата, претседателот на Републиката итн., ги имаат како активности информации инт., а врз основа на сето тоа се известува Парламентот како кои се резултатите на таа политика, и се дава доверие или не се дава, доверие на оние кои ја водат ваквата политика. Далеко би не одвело ако направме од секој извештај на било кој наш претставник надвор, случај кој треба да го расправа парламентот овде, што не доведува во прашање, она што пред тоа го реков, дека тоа може да биде предмет на информирање на одборот

за надворешни работи кој што е за тоа и специфично задолжен и на кого треба да му се овозможи увид над документите. Според тоа, нема и што да се крие, ни што да се сокрива, а секој за зборовите што ги изнел јавно или овде пред парламентот или на некои определени други случаи, треба сам да даде одговор на таа работа, и да носи одговорност за таа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Предлагам вака да заклучиме со расправата, да ја за- должиме комисијата за меѓународни односи и надворешна политика во свој состав да организира расправа по овој проблем и како надлежно тело на Собранието да изгради одредени ставови и до колку има потреба да соопшти на јавноста или да го извести Парламентот. Притоа може да ги повика, секого за кој мисли дека може да к помогне на Комисијата.

Има збор господинот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи јас сум претседател на Комисијата за односи со странство и надворешни работи јас би сакал да биде јасно прецизирана задачата што треба да ја изврши Комисијата. Ако се работи за тоа Комисијата да ја разгледа работата на министерството или да речеме нешто од тоа што беше кажано, ма да и тоа незнам колку токму задача на Собраниското тело односно Комисијата, меѓутоа, така да се каже. Но, не се согласувам како претседател на Комисијата, таа комисија да преземе некоја политичко - истражувачка работа по било кој случај. Тоа е една работа, но ако таква проценка се направи, постои посебна анкетна Комисија на Собранието. Уште повеќе што мислам дека треба јасно да разграничиме некои работи. Во случајов кој што и не сакаме сите викаме не сакаме да стане случај, а

полека станува случај, се работи за човек кој што не е «менуван ниту од Комисијата ниту од Собранието. Се поставува прашањето како може Собраниската комисија да бара извештај за неговата работа. Има едно правило, а тоа е дека може да се провери и проверува работата на оние кои што се именувани или избрани од едно тело. Од тоа тело може работата на тие субјекти да се проверува. Во случајов се работи за специјален пратеник или личен пратеник на претседателот на Републиката. Според мое мислење тој за својата работа одговара пред претседателот на Републиката а не пред Собранието на Република Македонија, а уште помалку пред Комисијата за односи со странство. Така што мислам дека треба јасно да г« прецизираме работите и Комисијата да не се става во една улога која што ниту природно ниту принципиелно не и припаѓа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас незнам од каде овие заклучоци оти некој треба да добие ваква или таква задача. Комисијата има задача по деловникот да ги претресува сите проблеми и работи во областа на утврдување и спроведувале на надворешната политика на Републиката. Овде беше поставено прашањето на дневен ред и точно стои како е поставено на дневен ред. Ние добивме информација од министерот. Министерот ни предложи понатаму да не расправаме. Иницијаторот на таа точка и некои други пратеници рекоа дека нема потреба нешто да се крие. Ние пред јавноста треба да излеземе како парламент со спремноста, која што нас Деловникот ни дозволува, работата да ја разјасниме и да ги утврдиме вистинските состојби. Ете тоа е, ништо друго, ниту некој да одговара, ниту да не одговара. Јас колку што знам ниту господинот Јованов така го постави, ниту во информацијата на министерот ниту овдека некој покрена такво прашање. Најнормално е надлежното тело

III/6.-

да ги разгледа тие прашања, да ја разгледа точката со информацијата што беше дадена овде и прашањата што имаат членовите на вашата комисија да ги постават, и да го викнат и господинот Јованов кој предложи таква точка на дневен ред, што имал на ум и кој се со таква информација располага. Нормално е, а ако ви треба и некој друг да викнете, ќе викнете и некој друг.

Има збор господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Мислам дека е здрава реакцијата на господинот Црвенковски, и ако сфатив тој се спротивстави парламентот да биде вовлечен во некои дневно -политички задачи. Видите, да бидеме отворени, она што се случува како политички игри меѓу политичките партии и поединци во политика- та во Македонија не би требало да го обременуваме парламентот и да го повлекуваме во тоа. За надлежното министерство нека оценува Владата и таму нека се изгради оценка. За специјалниот пратеник господинот претседател на Републиката има право да оцени дали тие задачи што ги дал се добро извршени или не. Во оваа фаза, воопшто не сметам и мислам дека тоа треба да се прифати дека Собранието треба да влегува во процесот на тие оценки. И предлагам, мислам дека деловнички тоа соти, она што и еден од господата од ПДП се извинувам на името не се сеќавам што предложи, тоа држи, да се стави на гласање и предлагам да се прекине расправата, практично ова веќе е расправа, и да прекинеме со расправа по оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници јас кренав рака, затоа што не се согласувам со заклучокот што го предложи претседателот на Собранието од причини што ние на дневниот ред постававме информација. Информацијата ја добивме

III/7.-

и со тоа мислам дека треба да завршиме.,Нема потреба пот натаму за било што да расправаме и да задолжуваме некого. Целта беше да добиеме информација. Информацијата ја добивме. Со тоа завршуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас тоа го реков, само заради тоа што на говорницата беа изнесени некои барања тоа да се претресува понатаму. Ако е овој предлог во ред, дали господинот Јованов се слага (се согласува).

Молам кој е за, со ова да заклучиме по оваа точка? (Мнозинство пратеници креваат рака).

Молам, кој е против? (3 гласа) Дали има воздржани? (6 гласа)

Со тоа завршуваме по оваа точка и минуваме на наредната точка.

Тоа е **точката 18** - информација за состојбите во врска со водоснабдувањето од системот "Студенчица".

Има збор министерот Лепавцев.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Проблемот на "Студенчица" на сите ви е познат и доста е експониран во јавноста, печатот, радиото, телевизијата, преку безбројни коментар* во домовите на нашите луѓе и време е веќе тој проблем да се реши п да му се стави крај.

Министерството кое јас го водам и Владата на Република Македонија во изминатиот период прилично се занимаваа со тој проблем, лично мислам дека се поставени основите врз кои може овој толку години присутен во нашата јавност, проблем, да биде добро разрешен.

III/8.-

Во овој 16-то месечен период активноста на Владата и Министерството беше голема и пофорсирана покрај оние проблеми на Дризла, Треска и маса други проблеми, беше фокусирана и на овој проблем. Ние денеска успеавме да ја изработуваме белата книга за"Студенчица" која што јас во изјавата дадена и објавена во печатот ветив дека ќе ја направам л ќе ја дадов на јавноста.

Овој примерок овде (покажува со рака пред пратениците) со овој квантум на документација јасно зборува што се ова министерство и сите други протагонисти кои учествувале во решавањето на овој проблем, колку се енергија употребиле да дојдат до некое решение, но решение до овој момент нема.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ**:(продолжение)

Реков дека условите се прифатливи за сите субјекти, за сите протагонисти и веќе се тие созреани, така што тој проблем еднаш треба да биде симнат.

Оваа "Бела книга" претставува чиста фактографија на протагонистите, настаните во временската сукцесија од овие 16 месеци , на нивните ставови, мислења , предлози за решенија итн., кои што, како што може од тука да се види, често пати биле дисонантни, често без аргументи, со вербални искази, но и тука се присутни конструктивни решенија и предлози.

Оваа "Бела книга" за Студенчица сега ќе ја предадам на секретарот, ако ми дозволи претседателот на Собранието, на секретарот на Собранието и Вие почитувани пратеници, секој од вас може ако изрази желба да ја проучи. Тука нема никакви сугестии од страна на Министерството. Ова е чиста фактографија. Секој од вас кој сака да ја види самиот нека си донесе соодветен заклучок.

(министерот Лепавцов ја предава"Белата книга"за Студенчица на заменикот на секретарот на Собранието на Република Македонија, Живко Тодоровски)

Сега ќе го почнам моето експозе во врска со овој случај.

Дефицитот од чиста вода за пиење во нашава Република е присутен и тоа сите ние го знаеме. Нема ден а во нашиот печат да не се презентираат информации во врска со тој проблем во разни региони на нашата Република.

Затоа е потребно оптимално искористување на водните ресурси во Република Македонија кои, за жал, не се рамномерно распределени и затоа е потребна изградба на една умна стратегија за оптимално искористување на водните ресурси, преку техно - економско интегрирање, но врз регионален принцип.

Тргнувајќи од тие премиси Владата го поддржа Јавното претпријатие Студенчица - Злетовица во настојувањето да се стави еднаш ред во целава оваа рашамонијада за последниве повеќе години наназад.

Владата, во својот концепт, го поддржува Јавното претпријатие како холдинг - куќа, координатор во една интегрална спрега, наука - технички проекти -финансирање - реализација - одржување и управување.

Формите на финансирањето и управување можат да бидат различни, според спецификите на регионите. Значи, од тука произлегува логичната мисла дека нема место за локални варијации. Водата не е сопственост на оние каде што таа проаѓа покрај нив. Таа е национален ресурс, ресурс со своја важност.

Политичкото планирање, пак, ќе биде се поактуелно во врска со водните ресурси во Република Македонија и тука е проблемот на Студенчица. Тука се вистинските и основните проблеми и тие ќе бидат присутни и во другите региони во идно време. Тоа е јасно. Затоа, државниот апарат треба да знае дека во целиот свет со водите не се манипулира, туку со водите се управува, се управува низ професионални и јавни служби, министерства, општини, претпријатија.

Пример за една политичка манипулација беше и вчерашната изјава на еден пратеник од ПДП-НДП дека "Владата отишла во Горни Добреноец кога имаше полно вода" и дека "20 илјади жители сакаат да ја користат водата на Студенчица". Ова е чисто политичка манипулација за проблемот да се усложни уште повеќе.

Јас ве прашувам која беше концепцијата за искористувањето на Студенчица 1975 година кога таа се проектираше? Јасно е и од каде сега е излезен овој проблем системот од Кичево кон Прилеп да се конзервира со одземањето на тој квантум на вода. Но, тие луѓе имаат право на вода. Сите луѓе имаат право на вода. А, грешката е во оние исчезнати 40 милиони марки што ги нема, што требаше да бидат наплатени и од кои требаше да произлезе решението за тие луѓе. Не само за нив, туку и за сите општини низ кои оди овој регионален водовод.

Која е присутната филозофија зад која се крие политичката манипулација? Тоа е користењето на архаичниот принцип, т.е. еден племенски мироглед дека водата тече низ нашето село и таа е наша. И зарем селаните од Горни Добреноец немаат вода? Јас разговарав со селаните од Горни Добреноец како член на Владината делегација која што во мај беше на преговори во Собранието на општина Кичево. Тие луѓе со својата сиромаштија и со својата архаична филозофија сакаат преку таа вода која тече преку нив да најдат модус вивенди за нивната егзистенција, што е сосема природно тежнение.

Владата, на 9 мај, на чело со претседателот д-р Никола Кљусев тоа јасно го виде и на луѓето има даде гаранција за некои егзистенционални проблеми врзани за ревитализацијата на двете крајречни села, што може

да се види и од документацијата презентирана во "Белата книга". И тогаш тоа беше прифатено од страна на претседателите на собранијата на Прилеп, М.Брод, Крушево, Кичево и МЗ "Добреноец", во присуство на министрите Трајановски, Ангелов, Ченто и јас. Меѓутоа, на 6 јуни преку печатот ова беше демантирано од МЗ "Добреноец". Зошто беше потребно сето тоа? За да не им се помогне на тие луѓе?! Зарем 15 посто од прибраниот приход да се насочи во полза на МЗ "Добреноец" е мал приход за тие села? Луѓето да се извлечкаат од таа мизерија во која што живеат? Значи, се работеше за една опасна манипулација на штета на селаните и јас точно ги фокусирав тие негативни протагонисти во моето соопштение до јавноста објавено во печатот.

Разрешувањето на проблемот на Студенчица, според мене, треба да се насочи во техничко - економската област, како проблем ка луѓето кои ја користат водата. Тука треба да се потсетиме на следното:

Прво, водата за пиење и според Законот за водите има предимство пред сите други потреби.

Второ, одржувањето и управувањето со системот е доведено до таква положба што тој се наоѓа пред распад заради оневозможување на Јавното претпријатие тоа да го врши.Тоа исто така се гледа од презентираните документи во "Белата книга", кој тоа го спречува со закана и сила, упатувани дури и до претседателот на Републиката.

Трето, следствено на горното и тоа што од водата што се користела 11 години во квантум од 160 милиони $м^3$ не се собрани тие 40 милиони германски марки, сума достојна за почит. И јас велам јасно овде. Тие пари

биле сопственост на Република Македонија. Бидејќи Република Македонија го изгради системот со свои пари и со учество на општините Прилеп и Крушево маргинално, а Кичево и МЗ "Добреноец" немаа никакво учество.

Тука, претседателот на Собранието на општина Кичево и директорот на Јавното претпријатие "Комуналец" кој е 17 години во таа служба, узгред кажано, ќе речат - па ние си имавме водовод што беше срушен заради потребата од изградба на новиот водовод. А, се заборава да се каже дека Владата им одобри на Кичево бесплатно користење на таа вода за градот во квантум од 75 литри во секунда, кој квантум е прилично голем.

Навистина, непоимливи се однесувањата на тие тројца луѓе и заради тоа и заради една беспримерна негрижа не само од тие субјекти, туку и оние кои што биле во изградбата и на некои начин управувањето, ма да тоа било разбиено по некои сектори итн., непостоело никакво единство, постоел еден антагонизам, постоела некоја локалистичка како да кажам "политика" и како резултат на сето тоа претстои расправ на овој систем.

Почитувани пратеници,

Парите од сега натаму треба да се собираат. Тие се неопходки. Корисниците се должни да ја плаќаат водата. Така ќе се овозможи реализација на зафаќањето на изворот "Питранот", за кое има изготвен изведбен главен проект. Решавањето на потребите на ТЕЦ "Осломеј" со индустриска вода од Река Бачишка за кое е изготвена студија , усвоена од Владата на една од своите седници за повеќе наменско користење,

наводнување, електрична енергија и тие 160 $м^3$ потребни за технолошкиот процес на ТЕЦ.

Понатаму, изборот е една природна појава, Тој осцилира во својот дебит. Ние имавме еден случај 1980-1989 година кога неговиот дебит се сведе на некаде 450 литри во секунда, што претставуваше катастрофално ниско ниво, но тоа беше појава од 100 години. Стручњаците велат дека тоа нешто се случува еднаш во 100 години. И, тука пламна оганот и ние треба да знаеме понатаму дека тој извор има свои осцилации, свои годишни нивопеи, 25-годишни, 10-годишни итн. и дека сообразно со тие различни осцилации итн., дистрибуцијата и распределбата на водата ќе се врши сходно на природните осцилации. За да тоа не биде баш така, затоа оваа Влада преку ова Министерство ги направи тие проекти за што пред малку соопштив.

Распределбата на водата се врши спрема Законот за водите што го усвоило ова Собрание. Тука нема никакви дилеми. Затоа што тука се манипулира со недокажани информации итн. За тоа постои закон.

Малку нешто за Прилеп, знаете, Прилеп во целава оваа историја од 16 месеци се покажа како еден град херои , не мислам на 1941 година, тоа си останува, туку навистина граѓаните на Прилеп покажаа една извонредно голема граѓанска свест. Тоа е така и ние треба тоа да им го признаеме. Таму доаѓаше до катастрофално тешки ситуации. Но, луѓето издржаа. И, тие порачаа - ние сме подготвени да партиципираме ова, да партиципираме она, итн., кое што исто така стои како документ во "Белата книга".

IV/7

Бунарите во Прилеп, што се во фаза на изградба, тие 8 нови, проблемот е во тоа што тие луѓе таму уште немаат пари да ја довршат електричната инсталација за да можат тие бунари да функционираат. Но, се оспособени и работат оние 4 бунари, старите во еден дебит од 45 литри во секунда, што е навистина малку.

V/1 рд/вц

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:** (продолжение)

Граѓаните на Крушево преку зборовите на почитуваниот претседател на Собранието на општина Крушево во сите овие разговор! и контакти што ги имав покажа еден навистина висок морал на индивидуална свест и покрај тоа што цената што ја плаќа Крушево е неколку пати поголема од она што го плаќаат граѓаните на Кичево. Исто така тие прават некои напори да можат од микрорегионот да ги исцрпат последните ресурси за дополнување на водата. Таа цена иде од тоа како што знаете Крушево е на поголема надморска височинки е потребна електрична енергија за качување на водата.

Македонски Брод исто така претседателот на собранието и граѓаните преку него покажаа исто така разбирање и се согласија со предложените цени кои беа предмет на многу разговори и преговори на разни варијанти итн.

Граѓаните на Кичево можеби не се запознаени на ваков начин којшто денеска јас го презентирав проблемот на Студенчица и верувам дека и тие ќе го акцептираат ова мое експозе и дека постојат сите услови регионите низ кои минува регионалниот водовод студенчица да се реши. Не велам, ова не е политичко прашање, но би требало да биде, иако провејуваат одредени параметри. Ова е прашање на техничка и економска валоризација на тие ресурси и секој во таа работа сака да се покаже дека тој е најпаметен, мислам посебно на оние луѓе низ кои што водата минува. Према тоа, сите претпоставки за едноумно разбрано решение но во случај, ако апстрахираме на тотално негирање, на тотална неспремност за дискусија од страна на само тројца луѓе. Зарем овој регион од стотици илјади луѓе коишто немаат доволно вода, а вода има, оние проекти што ги кажавме, оние 40 милиони изгубени марки  но натаму ако ги собираме итн.,

многу брзо тој проблем може да биде решен, а граѓаните треба да знаат дека водата не е нешто само од господа дадено, туку нешто што треба да се плати. Благодарам, молам моето експозе да биде усвоено.

**СИМЕОН НАУМОВСКИ:**

Почитувани пратеници проблемот кој не знам веќе по кој пат последниве години се актуализира во оваа сала, проблемот Студенчица е типичен пример по мене, како нешто не треба да се работи, последица на немањето и небарањето на неодговорност за одговорните за решавањето на ваквите проблеми и пример проблемот да се остави да се реши не тогаш кога треба, тогаш кога е најпотребна во некои други прилики.

Студенчица е последица на лошите навики на минатото, стекнати кај поединци кај кои чувството за времето кога треба одреден проблем да биде разрешен и да се добие од него најдобар ефект е одамна изминат.

Оној кој не почувствувал со својата фамилија макар и само два дена што значи да се нема вода во својот дом за најелементарните потреби на животот, никогаш нема да ги сфати нашите проблеми со кои се судираме неколку години по ред, ние жителите на општина Прилеп. Затоа можно е, но и неоправдано кај дел од вас присутните во оваа сала, за жал не многу, после оваа наше ново актуализирање на проблемот да се изусти коментарот повторно прилепчани непотребно на Парламентот му го наметнуваат проблемот Студенчица, кој коментар порано се емитуваше и преку едно јавно гласило.

Господа, свртувам внимание дека овие седум пратеници кој ги има Прилеп во овој Парламент, без разлика на кои партии припаѓаат, спремни се натаму пред секоја седница на ова Собрание и без било каков обѕир

редовно да го актуализираат овој проблем, се дотогаш додека не се реши како треба и колку заслужува народот на општина Прилеп, кој скоро цела деценија двоеше свои огромни лични средства, за трајно да го разреши проблемот со вода.

Проблемот Студенчица гледан краткорочно е решлив и тоа без било какви инвестициони и други зафати, уште во овој момент додека расправаме по ова прашање. А за тоа не треба ништо друго освен луѓе со душа, луѓе со човечко чувство, луѓе кај кои уживањето во страдањата и измачувањата на другиот е туѓа нечовечка појава. И тргањето на прстите на одредени лица ако такви постојат, од проблемот Студенчица е приметно потребно во овој момент. Прилеп, тврдам јавно и со сета лична одговорност, направи се што може да се направи, за да го обезбеди животот со вода. Да го аргументирам тоа и со факти.

Прво, во Студенчица учествуваше со огромен дел од инвестицијата која изнесуваше скоро 40 илјади долари.

Второ, некои во оваа држава на Прилеп легално му дозволи и овозможи да го прави водоводот се до изворот и воедно му дозволи да изврши и каптажа на изворот Студенчица, без било каква употреба на сила.

Трето, се согласи да се формира јавно претпријатие на ниво на Република, под името Студенчица, Злетовица.

Четврто ги префрли сите основни средства од водоводот во владеење и одржување на јавното претпријатие.

Петто, ја прифати одлуката за одредување на високо ниво на цената на водата од регионалниот водовод Студенчица, донесена од оваа Влада, а објавена во службениот весник на Република Македонија број 37 од 12 јуни оваа година, со која одлука на жителите на Прилеп им беше одредено да

плаќаат највисока цена на водата и од која цена 15% редовно ќе се одвојуваат средства за, како што стои во одлуката, одржуваше и унапредување на изворот.

Да ја прочитам одлуката и да дадам коментар во врска со неа.

Прво, како највисоко ниво на цената на јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица и Злетовица Скопје, за водата од регионалниот водовод Студенчица се определува и тоа: за корисниците на подрачјето на Прилеп 14,35 денари по метар кубен. За корисниците од подрачјето на општина Кичево 7 денари по 1м3. За корисниците од Македонски Брод 10,75 по $м^3$ и за корисниците на подрачјето на Крушево 14,35 денари по $м^3$.

Второ во цената на точка 1 се влезени средствата од 15%, кои јавното претпријатие ќе ги употреби за одржување и унапредување на изворот што ќе се регулираат со посебен договор меѓу Студенчица и Злетовица Скопје и месното население.

Трето, оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето.

Да дадам мал коментар што се добива годишно од точка 2 на оваа одлука. Прилеп, мислам само на градот, односно општината се цени дека годишно троши од Студенчица околу 10 милиони кубни метри вода, а по цена од 14,35 денари по кубик, 15% изнесуваат 2,16 денари по метар кубен, или годишно ќе значи одвојување по цирка од 20 милиони денари, или околу 50 илјади германски марки, само за напоменувам наводници, одржување и унапредување на изворот, значи, строго наменски. Не ги сметам во оваа сума и издвојувањата од 15% кои годишно по оваа одлука ќе следуваат и од другите корисници на водата од Студенчица.

Претпоставувам  дека оваа маса за оваа намена ќе ја помине границата од 7 5 илјади годишно марки.

Шесто, Прилеп веќе отпочна да ги плаќа обврските према јавното претпријатие кои произлегуваат од оваа одлука.

Покрај се ова што го има направено градот, на издашнос на изворот од понеделникот на ден 27.07. од над 1000 лит/сек. дали е нормално, човечки или оправдано, да се добива 174 литри вода во секунда, мерено во превојот "Барбарос" кај Македонски Брод, таму каде има единствен исправен инструмент за мерење вода и никаде на друго место, иако по сите досегашни договарања, треба Прилеп да добива уште 100 лит/сек., само уште дел од оние 200 до 300 литри кои бесцелно се испуштаат во реката Треска, а е усогласено таму да се одлеваат минимум 50 лит./сек.

Сакам да напомнам дека до ден денес и покрај наше инсистирање од скоро 18 месеци, ниеден единствен исправен инструмент за мерење на протокот на водата во регионалниот ВОДОВОЈ Студенчица не постои, а најважен и најбитен е оној кај разделната пумпа кај с.Другово Кичевско.

Дали овој потез кој се чини денеска према населението од Прилеп, Крушево, верувам тоа и према Македонски Брод да се чувствува, посебно морам да ги спомнам децата и болните и тоа во време на висока и сосема доволна издашност на изворот, господо од Владата, е човечки и дали не чувствувате одговорност пред својата совест, за тоа што проблемот не го решивте 18 месеци и го оставите за решавање на други, при тоа мислам на идната влада, неводејќи сметка за страдањата и маките на стотина и повеќе илјади народ од Републиката.

Што друго треба аргументирано да се рече за овој проблем, да се каже повеќе и од кого, кој водено ќе биде спротивен аргумент и појако од овие шест факти кои претходно ги спомнав. Господа не треба никаков друг материјал од Владата по ова прашање да се расправа, да ни се доставува, но ни треба само материјал, одговор на прашањето, зошто и поради кои причини, ако ги има, освен од неодговорно извршување на работните задачи, Владата прашањето не го разреши како треба до денеска. Јас на друго место решавање на овој проблем не гледам. Се прашувам и себе, а ве прашувам и сите вас дали сега проблемот со Студенчица е во жителите на Прилеп, во раководството на Прилеп, во нас 7 пратеници од Прилеп, кои досега редовно ги користиме сите можни и легални средства за разрешуваше на овој проблем, или проблемот е на друго место, во нашата извршна власт, што оставам сами да заклучите.

По се изгледа, кога веќе проблемот се држи сеуште отворен и нерешен, како да постои, по мое гледање, некој субјект, или субјекти кој, или кои по секоја цена сакаат населението од Прилеп и општината да го измачуваат за вода до крај, за да градот зоврие и тргне сам како знае, тргне по патот на стихијата со дозволени и недозволени средства, сам да го решава овој проблем. Можеби ваков настан денес на некого му е потребен, а ако се случи, веројатно од оваа говорница некој ќе се обиде да ја бара вината повторно во овој народ.

Ако ова претходно што го претпоставувам е нереално дека некој ги има замешано прстите во водоводот Студенчица, во што можеби јас верувам дека не е така и дека е нереално, тогаш остануваат причините за нерешавањето на овој проблем да се бараат само во Владата и во јавното претпријатие, кое со факти може да се потврди, посериозно му пристапи на

овој тежок проблем, само во последниве неколку месеци, во кои и се донесоа овие два клучни документи по овој проблем, по мое мислење, една е одлуката која ја читав претходно, а друг е деновиве Собранието на општина Прилеп го доби во облик на мислење од Владата, писмен документ од нејзината седница од 16 и 17 јули оваа година. Точно после 18 месеци од јавното актуализирање на проблемот Студенчица од оваа говорница на овој Парламент.

Владата ги донесе овие мислења 7 на број, кои требаше да ги усвои и спроведе во дело мислењата доставени до Собранието на општина Прилеп, кои требаше да ги спроведе во дело уште повеќе од пред една година. Ги донесе на одење, ги препушти да ги решава другата Влада, што претставува за мене сосема некоректен потез, потполно ист каков што го направи и минатиот Извршен совет кој донесе слична одлука на неговото заминување.

Зошто така се работи? Пред да дадам три предлог заклучоци во врска со проблемот Студенчица да одговорам на кратко на вчерашната дискусија на господинот Оломан Сулејмани. Изречена од оваа говорница.

Јас верувам во твојот исказ господине Сулејмани дека еден добар дел од населението на општина Кичево нема вода, што никако не го оправдувам, зошто како присутен проблем е нерешен досега и зошто населението да нема вода. Но те прашувам дали со овој потез, кој се прави денес со населението во Прилеп, да не се пушта доволно вода од цевоводот, во овој момент кога ја има во доволни количини на изворот, ќе се помогне нешто да му се олесни проблемот со снабдување на вода за населението за кое вчера зборуваше. Сигурно убеден сум јас и ти дека тоа не е така.

Дека не може да им се помогне, па према тоа, заеднички прво да го ставиме во функција ова во што се инвестирани огромни средства, нека сега овие денови, овие месеци, тоа нормално функционира, природно ги задоволува потребите за кого е сега наменето, а нека натаму заеднички останатите проблеми се решаваат до крајот, или наредната година.

Господине Сулејмани биди убеден дека ако за Прилеп се речеше пред 15 години да не мислиме на Студенчица, тогаш никогаш нема да ризикувавме 40 милиони долари инвестиција и биди убеден дека ова прашање Ѕе беше сосема успешно и со многу помали средства решено досега, без да се има вакви издајчувања. на сите нас и на македонската јавност.

Апелирам од оваа говорница да направиме се, навреме да ги спречиме можните појави на омраза и конфликти, кои можеби можат да се очекуваат натаму иако се појават можат да дојдат несогледливи последици во Републиката.

Ако сме правна држава, тоа редовно го пропагираме, тоа да го потврдиме на дело, преку брзото и ефикасно решение на овој проблем. Ако сме паднати во немоќ, тогаш проблемот и натаму ќе си остане каков е досега,без решение

VI/1.- СП-ВБ

**СИМОН НАУМОСКИ**: (продолжение)

Во таков случај останува само едно решение. Сите ние 12 0 пратеници заедно со нашето раководство и со Владата веднаш да ги напуштиме местата што ги имаме, па нека дојдат оние кои можат овие проблеми на време, ефикасно и корисно да ги решаваат на целосно задоволство на населението.

Како што спомнав претходно, предлагам три заклучоци по ова прашање и тоа:

Прво, Собранието да ја задолжи Владата и ресорните министерства веднаш да го спроведат во дело мислењето по точката 7 кое е присутно во мислењата донесени од страна на Владата на Република Македонија на седницата од 16 и 17 јули оваа година и испратени до Собранието на општина Прилеп.

Не сакам да го читам, тој е сличен текст - заклучок како и еден од заклучоците што ги даде за оваа седница пратеникот Благоја Чкатроски.

Воедно барам Владата да преземе се друго што е потребно за да овој проблем еднаш за секогаш се симне од преокупација на македонската јавност.

Второ, барам веднаш Владата да издвои средства планирани со Буџетот за оваа година, а висина на процент планиран во мерките за водеше на економската политика за 1992 година кој не е од голем обем и еднаш ќе се стават на користење за приклучување на осумте бунари во Прилеп кон водоводот за кои господинот Лепавцов зборуваше.

Трето, раководството на јавното претпријатие "Студенчица-Злетовица" не е способно ефикасно да ја води оваа работа, да го води ова претпријатие,веднаш да му се откаже довербата. По се изгледа

раководните места на јавното претпријатие "Студенчица" се искористени, барем врвот, за лица кои претходно немале работа, па тука им е најдено слободно место да бидат уфрлени за да земат личен доход не водејќи сметка за ефектите кои ќе се постигнат од реализација на обврските на овој водовод.

На крајот сакам да го кажам следното. Вредноста на субјектите кои не водат треба да се гледа и цени преку ефикасното и навремено решавање на ваквите проблеми поврзани со дневните егзистенционални потреби на населението, а не по тоа како субјектот има мислење за себе и по тоа кој како дискутира, размислува, предлага и ништо практично не решава. И законите напишани на хартија, одлуки, упатства и слично ако веднаш не се стават и применат во практиката се далеку поштетни и од неработењето што времето ни го потврди тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, иако директно многу не ја познавам материјата, со години наназад се слушаат разни приказни за потребата од вода во Прилеп и на други места, мислам дека е голем срам за сите нас овде и во Владата што не можеме да најдеме средства и начин како да ја иселиме Арабија и Сахара од Македонија, како да тој дел од Македонија се наоѓа во некоја пустина, па нема вода,или како да е Рамазан па ги оставаме луѓето да постат да не пијат и да не јадат . Тие што постат знаат што значи 24 часа да не се јаде и пие. Без јадење и така и така, но без вода е многу тешко. И јас сум постел некое време и знам како е.

VI/3.-

Кој ќе ги сноси гревовите, прво човечките гревови према тие деца, према тој народ, толку ли сме се заинатиле, а примаме граѓани од Босна и други краеви, им помагаме преку Црвениот крст даваме пари, храна , хумани сме, но каде е нашата хуманост сега? Подеднакво ми се драги граѓаните и на Кичево и на Прилеп и на Крушево и Македонски Брод, меѓутоа, она што се случува во нашата држава, во Македонија толку заинаетени, толку закоравени што знам понекогаш си велам хуманоста и културата никаде не се продаваат па да ја купи човек за пари, па да биде и хуман и културен. Тоа значи треба да има природна култура и природна хуманост, но Владата треба да преземе репресивни мерки затоа што никој не може да запре вода и некого да казни да не пие вода. Што би било сега некој да застане во Рашче и да рече оваа вода е наша во наше село е и ќе ја свртиме незнам каде и цело Скопје и други делови од Македонија да останат без вода.

Излегов на оваа говорница да кажам дека во најголема мера со години затаила хуманоста на ова наше подрачје, луѓето ги казнивме да постат, се претворивме во Сахара и да не разговараме многу, туку Владата да постапи онака како што предлагаше претходниот дискутант заради тоа што овој Парламент има предложено решение еве господинот Лепавцов ја спомна оваа бела книга, а јас би рекол дека е тоа црна книга како што на почетокот разговаравме овде како да баравме некоја црна кутија и бараме вошки во главата. Нема што да бараме вошки во главата, туку треба да се дејствува и да ги направиме луѓето природно и хумани и културни. Водата не смее да се запре. Водата е потрошно добро да, економската сметка е тука и мора да се плати, се знае.

VI/4.-

Мислам дека Владата треба под итно да дејствува луѓето да имаат вода. Јас знам мои пријатели, мои другари одат во Прилеп еве и синот мој оди во Прилеп на службен пат, а нема вода во хотелот. Тоа е брука и срам за нас како држава. Срам ми е и што зборувам за ова. Се работи за вода за пиење луѓе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Марин Миленковски.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас со внимание го слушав излагањето на министерот Лепавцов и ме радува што тој во своето излагање кажа дека се наоѓа решение и дека има доволно вода за распределба на овие градови ако правилно се распредели и правилно се користи.

Меѓутоа, не знам зошто Владата за овие 16-17 месеци од како е ако има такво решение зошто не пристапила кон решавање, туку требаше ова прашање да се покрене пред овој Парламент.

Инаку, да кажам дека граѓаните на Крушево од секогаш се соочувале со отворени нерешени проблеми со водоснабдување поради надморската висина на која се наоѓа ова гратче водоснабдувањето претставуваше најтешка задача на граѓаните. Тоа претставуваше кочница за развој на туризмот, а и другите стопански гранки и затоа Крушево, за разлика од другите градови во Републиката, константно брои околу 5 илјади жители и не му е дадена можност да се развие а еден од факторите е недостигот на вода.

Кога се создаде прилика за обезбедуваше на градот со вода преку овој регионален водовод со кој се тврдеше дека ќе се обезбедат 100 литри вода во секунда и дека ќе се задоволат потребите за вода на градот Крушево за наредните 100 години, граѓаните на Крушево со задоволство го

прифатија учеството за изградба на овој капитален објект и покрај сознанието дека ќе плаќаат најскапа вода во Републиката затоа што 6е се троши и електрична енергија за снабдување со вода преку црпните станици.

Заради опстанок на градот и развој на туризмот и покрај најниските лични доходи како една од најнеразвиените општини распиша референдум за обезбедување на средства за изградба на овој водовод и граѓаните учествуваа со една поголема сума заедно со Прилеп и другите градови да се изгради овој регионален водовод. Откако се изгради водоводот водоснабдувањето беше нормално и потребите на градот за вода задоволуваа. Но, откако почнаа недоразбирањата, а тоа го предизвикаа неколкуте сушни години почнаа проблемите и повторно се соочивме со недостиг на вода што се одрази врз развојот на туризмот затоа што гостите во хотелите го напуштаа градот поради немање на вода.

Граѓаните на Крушево прават напори да обезбедат вода со тоа што се согласуваат на поголеми рестрикции, а и Собранието донесе одлука со која се дава приоритет на хотелската зона, но и со ова не се решава проблемот. Секогаш во екот на туристичката сезона било во летната или во зимската Крушево многу помалку добива вода од другите сезони од регионалниот водовод. Посебно ова се случува пред празникот Илинден кога во Крушево има најголем број гости.

За потребите на Крушево потребни се 20 литри во секунда, а со извесни рестрикции би биле задоволени потребите. Овие количини на вода од регионалниот водовод не претставуваат проблем ни за Прилеп ни за Кичево ни другите водокорисници иако со водостопанската согласност предвидено е да се издвојуваат 10% од количините на вода кои пристигнуваат на Барбарас, но поради техничките решенија како и тоа што

VI/6.-

количините за Прилеп не се повеќе од 150 литри овие количини не можат да ги користат крушевчани.

Овде се спомна за некои договори со Владата и Месната заедница Добреноец. Ако водите, шумите, езерата, рудните богатства се благо на државата, тогаш со какво право се бара сопственост на користење на некоја општина или месна заедница на изворот на Студенчица, а тоа не се бара на изворите на Вардар, Црна Река и другите извори кои се во Републиката. Ваквите договори мислам оти не се валидни и не треба да се спроведуваат. На формираното јавно претпријатие за стопанисување со овој водовод потребно е Владата да му создаде услови за негова работа и да изврши распределба спрема водостоапнските согласности зависно од количините односно издашноста на вода на изворот. Со ова ќе се задоволат и комуналните претпријатија, ќе се задолжат самоуправните претпријатија во општините корисниците од регионалниот водовод за економично трошење на водата затоа што имам сознанија дека повеќе од 30% од количините кои ги добиваат овие корисници исчезнуваат без да се знае каде одат и кој ги користи.

Сметам, ако се почитуваат донесените одлуки, водостопанската согласност, нема да се јавуваат ваквите проблеми, нема да се расправа пред ова Собрание.

Извршните надлежни органи треба да ги спроведат одлуките и со тоа ќе се докаже дека се залагаме за правна држава. Затоа предлагам да се задолжи Јавното претпријатие "Злетовица - Студенчица" веднаш да отпочне со стопанисување со овој водовод и да врши распределба на количините на вода, а за тоа на ова претпријатие надлежните органи да му обезбедат безбедна работа.

**СТОЈАН АНДОВ.**

Предлагам да одиме на пауза до 15 часот за ручек.

(Седницата прекина со работа во 13,50 часот)

Инаку да ве известам дека за дискусија се јавија уште 8 пратеници.

(По паузата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

62 пратеници се присутни.

Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот Никола Апостоловски.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Јас би сакал да истакнам некои актуелни проблеми околу снабдувањето од оригиналниот водовод Студенчица кој што вчера ги напомнав.

Почитувана господо, ова мое повторно обраќање до вас го правам како континуитет на барањето од 8.06.1992 година, кога имав доставено барање за точка на дневен ред во 41-та седница да влезе Информацијата за водоснабдувањето и распределбата на водите по општини. Не можам а да не го искажам своето незадоволство од спороста на решавањето на овој акутен проблем не само за Прилеп, туку и пошироко за регионот односно Републиката. И покрај наредбата што ја издаде господинот министер д-р Лепавцев не е извршено комплетно примопредавање на објектот од регионалниот водовод, а со тоа сеуште не е извршено обезбедување на самиот водовод.

Во ваков случај доаѓа до ситуација со овој капитален објект сеуште не раководи никој односно самоволно раководат група на граѓани, при што иде апсурдна состојба и надлежните институции и органи не можат да ги извршуваат редовно мерењата и контролите на самиот извор. Да не кажам дека и за тоа индиректно во постојана и секојдневна опасност се околу 150 илјади жители на четирите општини кои го користат овој водовод. Како можеше да се дозволи да биде доведено во неупотребна состојба сите инструменти кои сега имаат голема вредност само да се обезбеди неконтролирано користење на водата преку термоелектранаата Осломеј и градот Кичево да има немерени приливи како на изливните  места, така и во

реката. А за Прилеп, Крушево и Македонски Брод постојано да има недостаток од вода. Тоа ги преминува сите граници и на едно цивилизациско однесување. Сметам дека правата слика на состојбата со функционирањето на овој водовод е позната од поодамна. Но, права слика на однесувањето можеше да се здобијам на состанокот што се одржа во Кичево на 9 мај 1992 година во присуство на премиерот и дел од Владата. Јасно е на што наведува барањето, да се стави вон сила одлуката за определување на дел од водотекот Студенчица што го губи својството на природен водотек. Со овој проблем се расправаше и во минатиот состав на Владата и тоа е објавено во Службен весник на Република Македонија, Службен весник бр. 29 од 1990 година. Едноставно кажано да има постојано и првенствено вода за реката, а за корисниците, пред се, Прилеп и Крушево ако остане ќе има. Не можам да сфатам да не се цени првенствено неопходната биолошка потреба на луѓето да имаат вода за пиење, а да се задоволат биолошките минимуми на реката. Верувам дека никој, а вклучувајќи се и себеси не е за тоа, тој како водоток потполно да згасне. Но, верувам исто така дека човечки првенствено е да се задоволат потребите на жителите од вода за пиење, а за биолошкиот минимум можат да се изнајдат редици други технички решенија од попатните извори испод каптажата. Некаде слободна оценка можат да се соберат околу 100 литри во секунда со премостуваше на карсниот дел од реката каде што водата понира со микроакумулации и слично некои други зафаќања.

Во овој мој став сум толку сигурен што никогаш не би поверувал а нити постои сила која што ова прашање ќе го реши поинаку да ги остави без вода за пиење. Постојано се инсистира на тоа дека нема доволно вода со намера целиот објект да се прикаже како промашена инвестиција. Колку вода има можеа да се уверат оние кои ја посетија каптажата, она што претходно спомнавме на 9.05.199 2 година, а тоа беше дел од Владата со

некои ресорни министерства. Очигледно беше дека тогаш издашноста на изворот е најмалку 2000 литри во секунда. Секој лаик може да оцени дека онаа сушна година од 199 0 година беше екстремна која се појавува на секои 100 години. Па илузорно е да се дава оценка на изворот на една таква екстремна година. За жал, и во такви екстремни години имаше доволно количина вода за пиење во поголемиот дел од годината, а во прашање беа само 2 до 3 месеци кога се намалија количините. Ако не можеме да се бориме со природните катастрофи, тогаш можеме во такви состојби да си подадеме рака и братски да ја поделиме водата и да бараме нови можности за водоснабдување. Но, тоа како да отсуствува. Промашена инвестиција, често се дискутира, како може да се каже вакво нешто за овој капитален објект кој што носи живот. Па тоа не е промашена, таман по него да доаѓа и по една капка вода. Со тоа барем ќе се спаси еден живот. Има промашени само луѓе кои што ги негираат ваквите заеднички активности, прават фама од непостојни проблеми. Во оваа наша мала држава кога да е, сигурно дека водоснабдувањето ќе биде решено со еден единствен систем кој ќе ја собира и последната капка квалитетна вода за да ја однесе до жедните усни. Добро е познато дека овој систем има капацитет покрај четирите градови и неколку села да снабди уште 70 села, односно уште околу 50 илјади жители. Наместо да се бориме за развојот на тој систем, наместо да приклучуваме нови изворишта некои сакат да го рушат и она што е отсега постојано. Држејќи ја таа теза да се бара енормни количини големи на вода за потребите на Кичево, која теза се врти веќе 10 до 15 години, произлегува дека тие застапници како да не знаат дека и секој обичен човек може да ги осознае познатите и признати норми на водоснабдувањето. Постојано се надува некој развој голем за Кичево, па

небаре од сето тоа водата од сето тоа да се чува. Не е само толку заслепено односно ние не сме толку заслепени и шкрти и како таа среќа Кичево да доживее толку голем развој, па тогаш и ние ќе бидеме спремни да се вклучиме во разрешувањето на проблемите со водоснабдувањето. Исто така, тактичките потези околу снабдувањето на кичевските села со вода за пиење кои намерно се базираат на водата од Студенчица и покрај расположливите и другите извори водат кон тоа да се руши веќе постојниот систем. На сите овие варијанти околу минирањето да се користат водите од Студенчица за водоснабдување на Прилеп, Крушево и Македонски Брод се надоврзуваат и сосема неаргументираните, а слободно може да се каже и ненормални идеи Прилеп води да користи од други изворишта, а особено во некои гласила беше спомнато и Стрежево. Не велам дека тоа не е остварливо, но велам дека нема, но не велам дека нема и други решенија. Но ваквите идеи ги сметам потполно за ненормални во ситуација кога постои системот Студенчица изграден по сите норми и прописи со огромна капитална вредност, па сега ајде ќе градиме сосема нов водовод. Сметам сека ваквите предлози и колку да имаат реалност како технички решенија се поставуваат кога не му е времето и кога има само за цел да се создаде хаос во разрешувањето на проблемот со функционирањето на водоводот Студенчица.

Иста цел има и манипулацијата околу барањата да се укине водостопанската дозвола. Па, како може да се бара тоа. Зарем е ова анархија, да се користат природни ресурси без нормативен акт онака како ќе му текне на секој поединец. Напротив, со тој документ до крај треба да се нормираат количините и условите за користење на самиот објект. Повторно оживува тезата за тоа практично сопственик на водата е селото Добреноец, за што навремено се бара и предности при користење на водата. Меѓутоа, ова прашање еднаш е веќе расчистено во Собранието на

Република Македонија со автентично толкување на Законот за води во март 1990 година. Да не се навраќам на тоа дека водата е општо добро и не може да биде инструмент за решавање на локални прашања и интереси. Ако нејзе може да ја имаат и користат поголем број на луѓе, што би било ако гледајќи локалистички за секој природен ресурс решава една мала група на луѓе, не гледајќи го општиот интерес Не прифаќањето со оригиналниот водовод да стопанисува јавно претпријатие од државен карактер, исто така е елемент на едно не поддржување на напорите на државата системски да ги решава проблемите и прашањата

Општината Кичево не треба да се плаши од сопствената држава дека ќе има недоследности во функционирањето на самото претпријатие. Или во прашање е пропуштање на водоводот во рацете на оние кои до сега деструктивно делуваа во разрешувањето на функционирањето на водоводот односно во рацете на оние кои до сега не покажаа ни најмалку добра волја за соработка. Кој може да дозволи и од онака тешка состојба да го доведе водоводот во уште положба состојба. Ние навистина можеме да ја поддржиме иницијативата, редовниот ремонт на ТЕ Осломеј да се извршува во месеците јули и август, што е едно од поважните прашања. Меѓутоа, во севкупните настојувања, расположливите води првенствено да се користат за пиење и прехранбена индустрија. Секако дека итно треба да се отпочне подготовки за изнаоѓање на други технички води за термоелектраната. Притоа, добро би било при размислувањето за финансирање на разни развои во овој крај да се финансира во ослободувањето на оние 160 литри во секунда чиста пиеја вода, да се користи ТЕ Осломеј. Мислам ова е случај посебен за себе каде што јас не би знаел некаде во светот да се користи пиеќа вода за термоелектрана. Апсурдни се сите други варијанти. Стрежево и сл. ако и понатаму од

Студенчица се користат водите за технички цели. Зошто ваквите предлози не си го најдат местото и во едно вакво решение да се ослободи водата од ТЕ Осломеј. Ние како општина Прилеп апсолутно стоиме на становиште дека на жителите од с. Добреноец мора да им се помогне да постојат на овие простори, па впрочем тие да можат и понатаму да бидат чувари на самата вода. Развојот на тој регион мора да биде плански насочен, првенствено со изработка на една програма за долгорочен развој. Во севкупните тешкотии кои ги имаме, секако како заедница можеме многу лесно да изнајдеме решение за 113 жители од с. Добреноец и обработка на околу 50 ха земјишна површина. Во оваа прилика сакам да нагласам дека заради поконкретно согледување на состојбите и околностите за иден долгорочен развој, програмата треба да ја изработи едно од надлежните министерства.

Општина Прилеп ќе изнајде можности заедно со Владата да насочи претпријатија кои би биле носители на развојот. Секако дека финансирањето би паднало на терет на носителите на развојот, разните програми на Владата и Државата. Во никој случај не може да дојде предвид од корисниците на водата да се двојат средства за развој на регионот. Апсолутно стојам на ставот средствата да се двојат за развој на регионалниот водовод. Па зарем не може да се согледа фактот дека со развојот на регионалниот водовод преку вклучување и на други извори и водотеци, преку замена на водата од Осломеј ќе се обезбедат поголем број на жители со вода, а покрај другото корист најмногу ќе има и општината Кичево. Никаде го нема ова што досега се прави околу слободно да се каже ненаплаќањето со вода во нејзините вкупни трошоци. Оттука потполно го поддржувам обраќањето на господин министер Лепавцов со писмото испратено на 6.05.1992 година во кое што се бара сите трошоци за функционирање на јавното претпријатие Студенчица од Злетовица навреме

и редовно да се подмируваат. За жал, до ден денес единствено само општина Прилеп ги подмирува, велам дел, можеби не во целост, сметките према јавното претпријатие Студенчица од Злетовица, што не е случај и со другите општини. Исто така стоиме на становиште дека во интерес е на сите корисници комплетно да ја плаќаат водата и не може некој да биде изземен од таа обврска. Само така нема да се девалвира објектот, а не би имало никакви последици и во другите региони во државата кога се решаваат вакви и слични прашања.

Почитувана господо, ние цврсто стоиме на тоа дека прашањето со водоснабдувањето на Прилеп е решено од поодамна. Ние нема што понатаму да бараме никакви други решенија. Останува само редовно да си ги измируваме обврските спрема јавното претпријатие и да се вклучиме во развојот на системот. Не можеме да бидеме понатаму толерантни на група луѓе кои со години роварат неоправдано, негирајќи правила и прописи и создавајќи немир кај граѓаните и власта. Ваквите луѓе се насочени да ја дестабилизираат и политичката состојба, барајќи апсурдни, неаргументирани, па и нечовечки услови. Ние сме цврсто уверени дека легалните институции на системот нема да дозволат вакви едноставни прашања да ескалираат и да добиваат несакани последици. Сигурно, овие институции на системот нема да дозволат низ провокации да се наоѓаат во ситуација да ги решаваат прашањата. Ние сме секогаш спремни преку дијалог да се изнаоѓаат решенија на многу постојни прашања. А во тоа предност ќе дадеме на соработката меѓу општините, не само за прашања од водоснабдувањето, туку и за многу други прашања, вклучувајќи го и прашањето за развојот на регионот од с. Добреноец. Очекуваме во најскоро време и фактички да профункционира јавното претпријатие Студенчица од Злетовица со тоа што водоводот ќе биде ставен под контрола, водата

правилно ќе се распредели и ќе се отпочне со развојот на регионалниот водовод. Во надеж дека ова прашање дефинитивно ќе биде симнато од дневен ред изразуваме спремност за вклучување со сите напори за изнаоѓање трајни решенија и надминување на сегашните состојби. Во прилог на ова јас би предложил и неколку заклучоци кои што сметам дека треба како заклучоци кои што треба да ги донесе овој Парламент да најдат свое место.

1. Со оглед на карактерот на водоводот и опасностите од несакани последици, имајќи предвид дека од него се снабдуваат со вода околу 150 илјади жители, а во овој момент водоводот е незаштитен и препуштен сам на себе да се преземат итни и неодложни мерки за негово обезбедуваше, контрола и надзор од страна на Републиката.

На тој начин ќе се обезбеди и постојано следење на издашноста на изворот, контролата на каптажата и распределба на водата на сите корисници според познати и признати норми.

2. Состојбите и проблемите со функционирањето на регионалниот водовод Студенчица се до нивното конечно разрешување итно да си најдат сопствено место и третман во легалните институции во системот.

3. Со оглед на тоа што инвестицијата е голема, трајна и вредна, а од друга страна имајќи предвид дека градовите и населените места се во постојан пораст и развој, неопходно е потребно преку сопствена студија за развој да се насочи понатамошното обезбедување на овие количини на вода се со цел максимално да се искористи мрежата и доводниот канал да се обезбеди вода за пиење на поголем број население и за подолг период.

4. Користењето и управувањето на регионалниот водовод треба и понатаму да се усовршува и регулира со соодветна и законска регулатива. Само на таков начин со расчистување на сите прашања и проблеми не би имало никакви негативни последици во наредниот период.

VII/9

Нешто сакам да спомнам од целокупните активности кои што беа преземени во разрешувањето на проблемот. Се дојде до констатација дека најголем проблем прават Мешатаните од Месната заедница Горно и Долно Добреноец, па се пристапи посебно меѓу нив јавното претпријатие и Владата да се склучи еден договор. Тој договор е склучен на 10 јули со кој што договорот содржи некаде од 8 члена. Тука е кажано дека водата ќе се плаќа по максимални цени кои што во претходната дискусија беа напомнати и беше кажано дека 15% од цената на водата ќе оди за развој на месната заедница Добреноец. Меѓутоа, јас и во самото свое излагање кажав пожелно би било тие средства да одат во развој и супституција на водата, а не во развој на самото населено место Добреноец, бидејќи средствата кои што би се издвојувале само од општина Прилеп некаде би достигнале сума од 21,5 милиони денари. А иста една таква количина кога би се собрале количините на води кои што би ги користеле да кажеме Кичево, Македонски Брод и Крушево. Според тоа, тоа не е мала сума, тоа е една огромна и голема сума која може да послужи раз развој и за супституција на водата, а со тоа би се разрешил проблемот на многу поедноставен и подобар начин, а не онака како што до ден денес се работи.

Овој договор спомнав е заклучен на 10 јули, меѓутоа, покрај сета добра волја потпишан од Месната заедница претседателот Трајче Крстевски од Добреноец, јавното претпријатие Злетовица од Студенчица и Владата на Република Македонија, меѓутоа до ден денес не може да се спроведе. Затоа потврдува информацијата на Јавното претпријатие кое има испратено до Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија во кое што се кажува дека на 14 јули макар што претходно најавени и појдени да извршат мерење и регулирање на водотокот истите тие мештани од с. Добреноец направиле една барикада и не му дозволиле

на Јавното претпријатие да изврши мерења. Со тоа повторно се кажува дека и договорот за нив не вреди ништо, туку тоа е напишано нешто само на обичен лист хартија.

На крајот би ви го истакнал мислењето од Владата кое беше доставено до Собрание на општина Прилеп. Тоа е содржано во 7 точки, но на крајот би се приклучил на точката бр. 7 кое ми се чини дека веќе треба да се проточи на дело и ја цитирам комплетно што во нејзе е кажано. Точка 7: "Министерството за правосудство и управа и Министерството за внатрешни работи да овозможат непречана работа на сите органи на власта и на организациите со регионалниот водовод Студенчица". Јас мислам ако се спроведе оваа точка бр. 7, проблемот може да се разреши. Инаку, со дописки и преписки се виде дека тоа не може да се реализира.

**НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ**: (Продолжение)

и напомнувам дека овој проблем би требало да се реши некад во рок од 24 часа. Инаку и вчера кажав и денеска дека може да дојде до некои несакани последици, а потоа исто така од оваа говорница да бараме кои се виновниците и да формираме комисии и незнам уште што.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Со оглед на тоа дека ова не е прва седница на која се рас- права за регионалниот водовод "Студенчица" и денес од инфорамцијата на министерот за градежништво и урбанизам господинот Лепавцов, беше кажано многу. Немам намера да се навраќам на историјата околу тоа ка е граден, зошто е граден регионалниот водовод, дали има вода или нема, туку би сакал да кажам неколку реченици во смисла на тоа зошто се отвора проблем кој не постои, зошто граѓаните на двете општини односно трите четирите општини се ставаат во ваква состојба. Сметам дека исполитизирањето ан проблемот е на штета на сите, а во корист на никого, се прави од оние луѓе кои сакаат секогаш да има проблеми за да немаат време да решаваат нови проблеми. Расправата во 1991 година, на почетокот на 1991 година за овој проблем сметав дека ќе биде последна и дека ќе профункционира правната држава и ќе дејствува во насока да ги реализира инструментите на својот правен систем, да ги оживотвори законските акти кои се донесени околу овој проблем и дека нема да му дозволи никому повеќе да се меша, да се прави газда на еден извор кој е од општонародно добро. Формирањето на јавното претпријатие кое со одлука на ова Собрание беше сторено минатата година требаше да обезбеди нормално функционирање на тој регионален водовод и правилна распределба на онаа вода која постои во изворот, притоа немајќи илузии дека тоа јавно претпријатие може повеќе вода да извлече, или помалку од изворот, туку едноставно да воспостави ред околу распределбата на водата

и стопанисувањето со тој регионален водовод. Очигледно покрај нефункционирањето на правната држава, на инструментите на правната држава немањето на желба да се реши овој проблем, измислен проблем, сметам дека лежи во јавното претпријатие. Подржувајќи ги заклучоците на коле- гата Симон Наумовски сметам дека во Јавното претпријатие до смена на раководството на тоа јавно претпријатие од причина што за 18 месеци не најдоа за сходно барем да не информираат дека не функционира како претпријатие и да кажат кои се причините заради кои тие не можат да воспостават ред, заради кои не можат да го преземат регионалниот водовод "Студенчица". Сметам дека овој проблем под итно треба да се реши и еден голем дел од вината зошто се создадени овие проблеми за што денес расправаме лежи и во раководството на јавното претпријатие. Исто така, сметам дека седиштето на јавното претпријатие не би било добро да биде во Скопје, туку мој предлог би бил тоа седиште да биде во Македонски Брод, ниту во Кичево ниту во Прилеп, и да ја врши функцијата за која е основано. Не смее да се дозволи овој измислен проблем да се решава со мунасип и спогодуваше помеѓу општинтие, туку во согласност со позитивните законски акти и државата треба да му стави на знаење на секој дека постои правна држава и низ инструментите на таа правна држава ќе се овозможи да функционира се во оваа држава. Сметам дека господинот Лепавцов во неговата информација не информира навистина исцрпно за се, но ни остана должен да каже зошто во овие 18 месеци навистина не се воспостави некаков ред , не ги презеде функциите јавното претпријатие "Студенчица","Злетовица" на тој регионален водовод. Овде навистина треба да се каже јавно кои се тие фактори во оваа држава кои го спречуваа тоа превземање. Јас не мислам дека држава може да дозволи на месна

заедница почитувајќи ги и нивните интереси да спречи преземање на еден регионален водовод кој е од многу поголемо стратешко значење. Сигурно се крие нешто друго, а за кое треба да бидеме запознати. Очекувам дека оваа е последна седница на која расправаме за реигоналниот водовод "Студенчии и очекувам дека правната дражва ќе ги покаже своите квалитети токму на овој проблем, и нема да дозволи понатаму да се исполитизира овој проблем. Притоа, не сметам дека треба да биде некој тепан, или репресиран за да се оствари тоа. Секогаш можат да се најдат демократски средства, но да не се отстапува ниту милиметар од она што е интерес на ова држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мене ми се чини дека оваа ситуација, овој настанат проблем не е од сега, туку е наследство од поранешната Влада дури и сега кога се бара решение ние неколку пати дискутираме за ова, меѓутоа не е најдено решение. Моментално кога се поставува овој проблем да се реши, мене ми се чини дека поготово баш сега е она време кога Владата не може да го реши, а дури беше на снага, пред да се изгласа довербата на Владата не го реши проблемот и сега ние на оваа Влада и го поставува ова прашање и овде губиме драгоцено време со тоа што дискусиите се читаат овде од едната страна и од другата страна. Јас ги оправдувам обете страни. Затоа по мое мислење треба во овој момент да се прекине оваа дискусија. Поднесени се предлози од двете страни, заклучоци и сметам дека доколку Владата е во состојба да го реши овој проблем како правна држава да излезе на лице место со заклучоците

од двете страни заинтересирани Крушево, 'Прилеп, Кичево и Македонски Браод, така што ако постои правна држава иако постои правен субјект зошто досега не се реши тој проблем. Тоа значи по мое мислење, ќе појде Владата кај едните и тие велат дека ќе го решат проблемот, појди кај другите и тие велат дека ќе го решат проблемот, мислам дека на овој начин ги заварамe и стварамe некој политички маркетинг и Владата и одговорните за тоа и ми се чини затоа досега проблемот не е решен. Јас сметам да не се дискутира многу, туку предлагам да се оди на лице место и еднаш правно да се донесе решение со стручните лице, со судски лица, да се види дали постои можност да се реши проблемот или не постои.

Сметам дека топката се префрлува на еден, на друг. Од претходните дискутанти е спомнато дека кога ќе му дожежи крив е Парламентот и Парламентот да поднесе оставка доколку не се реши проблемот. Зошто истиот дискутант не се стави во положба да рече дека директорите што не се способни да го решат проблемот веднаш да си поднесат оставка и како генерален директор и како друг функционер и оттука да почнеме сите со ред така да си одиме, а не ако ми дожежи мене, пратениците да си поднесат оставка. А зошто директорите не си поднесат оставка кои што доведоа до ваква состојба?

**ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Господа пратеници, два три збора за експозето на министерот Лепавцов. Незнам што има во белата книга а од кажаното ништо ново само хронологија на настани во период од една ипол година кога имаше вода, без да се навлезе во генезата на проблемот и вистината или непоимливо е однесувањето на претседателот на СО Кичево и двајца други, а тоа непоимливо однесување е исто на сите 55 илјади жители на Кичево во врска со Студенчица зошто една е вистината а на крај неодмерено употребениот збор од оваа говорница ствара револт кај луѓето до вчера на

нарекуваа Варвари, а сега не враќаат малку наназад во племенска заедница.

Господа пратеници, не сакам на широко да елаборирам и филозофирам затоа што за овој проблем уште од отпочнувањето на самата омоцокатова за градба на овој систем за водоснабдување формирани се безброј координациони тела со претставници на корисниците на објектите, разни комисии, групи и подгрупи, но конкретни резултати од сето тоа немаше, затоа што немаше ни вода во Студенчица.

Ценетиот проектант предвидува издашност на изворот од 1900 литри, а сведоци бевме и сме дека нивото се симна до 450 литри во секунда. А спрема господата од Прилеп,цитирам од нивната студија за студенчица: протокот е релативно константен и се движи во граници*] од 1350-до 2600 литри во секунда. А ако беше тоа така до сето ова немаше ниту да дојде. Кичево спрема 10-ггодишните мерења што ги правег воени стручњаци за потребите на градба на стариот водовод од 120 литри што беше пуштен во употреба 1960 година, укажуваше во времето пред да се гради студнечица дека таа издашност се движи максимално до 670 литри во летните месеци.

Главниот проект Студенчица е проектиран за потребите на Кичево, и ТЕ"Осломеј", а накнадно со декрет без градежна дозвола кај разделната градба "Другово" се вклучува цевководот за Прилеп со пример од Фи 12 00, а ни Вардар не може да го задоволи тој капа- цитет. Подоцна се донесуваат разни закони, одлуки, бришење од карта на Студенчица, водостопански дозволи без никакви резултати а се затоа што не се слушна вистинскиот глас од Кичево, а Прилеп настојува прескокнувајќи го Кичево исклучиво проблемите да ги решава одозгора од министерствата, па се во редовно резервирани термини на РТВ и пласирајќи дезинформации како само пред неколку дена прогласувајќи епидемија на менингитис и сл.

VIII/6.-

А јас би препорачал дека Прилеп овој комунален меѓуопштински проблем исклучиво го реши низ дијалог на маса со Кичево без притоа да ги злоупотребува Македонски брод и Крушево, затоа што за нивни потреби се работи за 20 литри вкупно вода. Вака изградениот систем доведе до една состојба каде од една страна се вложени огромни средства и се веруваше дека во подолготрајно барем за:30 години ќе се реши проблемот на водоснабдување, а од друга страна се покажа укажувањето на Кичево дека изворот е со скромна издашност и тука почнуваат вербалните напади да некој ја има водата и не сака да ја даде. Кичево со истиот проект треба да го вклучи северниот регион во догледно време на кои луѓе покрај што им. беше одземено земјиштето за ТЕЦ "Осломеј" истиот со копот на земјата му ги пресуши изворите и неколку години station наназад се снабдуваат со вода за пиење со цистерни што ги купуваат исклучиво за тие намени. Овие вербални напади најкарактеристични се во 19 88 година кога и се вршени мерења од Републичкиот хидрометереолошки завод и кога беа утврдени просечните количини на вода од 500 до 600 литри, а републичкиот водостопански инспектор издава неколку наредби за распределба на водата без да се испоштува одлуката за хидробиолошки минимум.

Кога сум веќе кај водостопанската дозвола, да укажам. Кичево пред да се пушти во употреба Студенчица имаше 100 литри во секунда и дел од тој водовод се уништи а каптажата беше потопена во новиот систем, а Прилеп пред студенчица поседува 170 литри, а при распределба на водата никаде тоа не се прикажува. Стартува од 0, а Кичево со -100. Не пренагласувам ништо, едноставно сакам праведно и правилно решение,,а не по пат на закани, уцени и декрети, од повисоко како што тоа беше порано со закани дека ќе има крвави ноќи во Кичево, а никаде на виделина не излезе мерењето на институтот на "Јарослав Черни", туку само укажувањето дека може да дојде до замор на материјалот при манипулации

со вентилот, а од снажните вибрации до уништување на системот. Тврдам и ве уверувам дека вентилот е во непроменета состојба од престојот на специјалниот одред на милиција и спрема Прилеп одат константни количини на вода, а кај нив проблемот се покреваше во зимските месеци кога мрзнеа цевките и сега во летните горештини кога ни треба повеќе разладување нам, а и на градините. Спрема укажувањето од јавното претпријатие Студенчица низ градскиот водовод во Прилеп се губи преку 40% од водата, а со писмо од Собранието на Прилеп доставено до овој Парламент стои дека има доволно количини вода од цевководот Студенчица и тоа на 5.6.1992 година во 14 часот доаѓаат 190 литри во секунда, а по неколку часа 346, а по неколку часа повторно паѓа на 214 се до 186. Тоа било токму тогаш кога се правени поправки на градскиот водовод Кичево и водата е насочувана кон Прилеп. Кичево во моментот ги задоволува своите потреби до 200 лит а сета преостаната количина ја насочува за Прилеп.

Да се вратиме малку station наназад. Извршниот совет на СРМ го задолжи Извршниот совет на СО Кичево на 5.8.1988 година да формира јавно претпријатие. Истото е прифатено и со решение број о9-7917 од 12.8.1988 година РО "Комуналец"Кичево со одлука 07-1442/1 од 26.08- 1988 година го прифаќа стопанисувањето и управувањето со системот и договорот го потпишуваат сите корисници освен Собранието на општина Прилеп.

На крајот да потсетам да се преземат активности насочени кон утврдување на реалните можности на издашноста на изворот Студенлица, користење на старите извори на другите корисници, како и приклучување на дополнителни из вори на вода на што инсистираше и Владата на РМ. Треба да размислуваме за приоритет на снабдувањето на градот Кичево како и вклучување на северниот регион, бидејќи Кичево нема други можности. Во

врска со ЈП Студенчица би го презентирал мислењето на ИС на СРМ. Предлогот на општините - главното претпријатие да го оснива Републиката не би требало да се поддржи од причини што се работи за водоснабдување на населението од одредени подрачја на Републиката и претставува интерес за корисниците само од тие подрачја, а не од интерес на целата Република.

IX/1 јј/вц

**ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:** (продолжение)

И на самиот крај би ги изнел заложбите и заклучоците на Собранието на општина Кичево. Прво да се утврди и обезбеди хидробиолошки минимум на реката Студенчица а тоа е направено со новиот договор што е потпишан пред некој ден. Да се формира јавно претпријатие што ќе стопанисува и управува со Студенчица со седиште во Кичево, сегашната"Студенчица - Злетовица" во Скопје да се укине или истата да се трансформира во јавно претпријатие "Студенчица" со седиште во Кичево. Јавното претпријатие "Студенчица" - Кичево преку цената на водата да обезбеди 15% од цената за развој и унапредување на регионот каде што се наоѓа изворот "Студенчица" и тоа е исполнето. Да се обезбедат додатни извори за водоснабдување на другите корисници на регионалниот водовод "Студенчица" со сопствени средства и средства од Републичкиот буџет од страна на општините корисници на овој водовод, со исклучок на општината Кичево, а поради трајно решавање на проблемот за водоснабдување на другите корисници на регионалниот водовод. Четврто, се задолжува извршниот одбор на Собранието на општина Кичево да покрене иницијатива за изградба на водовод во северниот регион на Кичево и приклучување на истиот на системот "Студенчица" и со истата иницијатива да се запознае Парламентот на Република Македонија. Петто, при распределбата на водата по корисници со водостопанска дозвола да се обезбеди првенствено за задоволување на потребите на вода за пиење на општината Кичево, а целата друга останата количина пропорционално да се подели на останатите корисници на регионалниот водовод по принципот на солидарност и хуманост.

IX/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Вецко Личоски.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, јас тука вчера го поставив тоа прашање дека не би требало овој Парламент да расправа за водоводот "Студенчица", не од нешто друго, само од тие причини што водоводот "Студенчица" не е сега актуелен , туку тој е актуелен од времето на градбата па до денешниот ден. Ние имавме извршна власт која што требаше да се заангажира и да донесе соодветни решенија, овој водовод да биде еднаш засекогаш симнат од дневен ред. Затоа јас не туку така случајно го реков тоа, да не се дискутира. Меѓутоа, бидејќи Парламентот гласаше за расправа, јас ќе се задржам малку на водоводот затоа што отприлика јас го знам од времето на градбата па до денешниот ден како изгледаше таа градба и како сега изгледа и како ќе изгледа во иднина, бидејќи јас како одборник во некогашното собрание на општина Кичево кога се расправаше дали треба да се гради тој водовод или не треба, уште тогаш имаше колеми конфликти во однос на таа градба за тој водовод. Имаше конфликти поради тоа што водата што беше во тоа време мерена, во моментот кога се донесе заклучокот од некогашниот извршен совет за градба на ТЕ "Осломеј" имаше само 920 л/сек. Тоа се дискутираше на нашето собрание во Кичево. Затоа во тогашно време кичевчани односно одборниците заради тој водовод 23 души беа истерани од сојузот на комунистите тогашен заради тоа што не се слагаа да се гради водоводот онака како што е сега изграден.

Што се однесува за понатамошната работа, поготово со апелот што беше даден од страна на тогашните власти на град Прилеп кој што на еден

определен начин никој, јас можам да речам и тоа, никој до денеска не може да му оспори никому дека вода не му треба на човекот. Му треба и треба да му се даде, тоа е апсолутно и апсурд е да се размислува да не му се даде вода. Меѓутоа лагите не што беа, беа на следниот начин. Јас пред мене го имам системот - за регионалниот водовод "Студенчица" единствено и трајно решение за општината Прилеп. (покажува книшка со ваков наслов). Јас би сакал од тој дел малку да ви кажам како изгледаше тогаш во однос на оние лаги кои им ги даваа на граѓаните од Прилеп, како ќе дојдат до вода, како ќе дојдат до една одредена цел, која што треба да ја има тој град и другите пропратни градови што беа. Нема целото ова да го читам но ќе се задржам само на некои детали. "Во градот Прилеп 1972 година се располага со"      така стои во ова нивно соопштение кажано е дека Прилеп располага со 170 л/сек.. Сега овде јас би се задржал малку - 170 л/сек. зашто. е нормална работа дека при донесувањето на оној водовод од "Студенчица" овие 173 л/сек. ги имаше Прилеп, затоа што Прилеп живееше од таа вода. Кога го донесоа водоводот од"Студенчица" се сметаше дека вода ќе има и овие 170 л/сек. сега Прилеп никако не ќе да ги покажат. Тоа е еден од условите.

Сакам да кажа, направена е шема за градбата на водоводот "Студенчица", која што шема ќе ја искористам после во однос на оние мирни работи кои што се сега дадени во текот на 24.07 оваа г. Што се однесува до таа шема таа искористена, и викаат од каптажата до Прилеп треба да се обезбедат некаде покрај градовите Кичево, Македонски Брод, Крушево и Прилеп треба да се обезбедат со вода уште 71 село кои се зафатени со оваа шема што ја имаат направено прилепчаните. Практички во таа шема незнам јас кои села се вклучени понатаму. Меѓутоа нашиот

северен регион на Кичево за кој вчера го покрена прашањето господинот Оломан и на што господинот Лепавцев нешто реплицираше на .таа работа - таму живеат некаде околу 20 илјади жители. Тие 20 илјади жители живеат исклучиво околу рудникот Осломеј каде што Осломеј ги искористува тие ресурси, оние рудни богатства од местото каде што живее тоа население. Со ископините што ги прави рудникот практички на жителите им е одземена водата, на тие 20 илјади население, со тоа што ги имаат исушено бунарите. Практично тие жители сега немаат вода, па заради тоа господинот Оломан го користеше тоа и кога рече дека 20 илјади жители немаат вода.

Меѓутоа за тој северен регион за кој што ние до овој Парламент ќе доставиме прашања да се расправа во иднина да може и тие жители да се обезбедат со вода, потребно е некаде според бројот на населението 142 л/сек. што значи технолошката вода што се користи во Осломеј сега во овој случај се има предвид дека таа ќе се земе и ќе се стави во регионалниот водовод "Студенчица" да не се лаже народот дека тоа лесно ќе се земе. Нема да се земе. Иако се донесе било да е тоа од реката Бачишта или било која река да се земе, во тој случај оние 160 литри вода од Осломејската река мора да се користат за овој северен регион каде се потребни над 142 л/сек. за 20 илјади жители. Понатаму во истава оваа брошура дадено е, еве ќе го прочитам ова "протокот е релативно константен и се движи во границите од 1350 до 2600 л/сек." значи тоа е чиста демагогија од страна на властите што владееле во општината Прилеп. Чиста демагогија. Кога има 2600 л/сек.? Ние што живееме во Кичево ја знаеме таа количина, може ќе достигне некогаш, но кога? Кога? - само тогаш кога на Бистра ќе падне 3 м. снег како што падна ланската година. Ланската година падна снег и не

расправавме за оваа проблематика. Меѓутоа, оваа година не падна снег, нема вода. Нема вода, готово, се намали количината. Значи не е "констатна" што тие народот го излагале прилепски дека константна е водата итн.

Понатаму исто во таа брошура вели "овие села" кои што треба да бидат од водоводот "Студенчица" па вика "во Бродско во Кичевско, Прилепско, Крушевско, сега  тоа значи во 1311 година"имало вкупно население со 5..181 жител, а во иднина, (после 30 години како што е дадено во образложението) вели дека во истите тие села ќе има 192.051 жител. Тоа значи дека никогаш кон овој водовод тие села нема да бидат приклучени и никогаш нема да имаат вода колку треба и што се бара.

Во другиот дел вели: "за сегашните потреби .....” тоа значи во 1977 година во времето кога треба да се изгради тој водовод вика "Кичевско треба да има 123 л/сек. или после 30 години ќе има 326 л/сек.", а веќе сега Кичево троши 243 литри во секунда. Значи тоа значи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас се извинувам ама ние не донесуваме одлука дали да се гради тој објект, туку ве молам имаме предлози од владата дајте произнесете се по нив.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Ви се молам, ако нешто имате против мене, кое што јас нон стоп ќе станам на оваа говорница и мене ме прекратувате во однос на она што треба да го дискутирам тоа е друго прашање.

А јас сакам да ја известам јавноста во однос на овие манипулации што стално, постојано се манипулира. Јас вчера.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте вие мене да ми кажувате. Ве молам престанете во моментот да се разбереме. Или држете се за дневниот ред не што било 1977 година туку кажете во врска со ова што го зборуваше господинот Лепавцев за информацијата со што се слагате со што не се слагате, а немојте да образлагате некој елаборат што не го знаат луѓето. Тоа не е на дневен ред. овде. Зборувајте за тоа што е на дневен ред. На дневен ред е решавање на проблемот на "Студенчица" зашто нема вода во Прилеп и поделба на водите. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Да точно. Бидејќи овој Парламент, јас така сметам не е доволно известен во однос на, јас сега ова последно го кажувам за водава што сега треба да се користи, инаку ќе поминам јас на тоа што барате. Мислам дека јас за да се знае, да се има во предвид што подобро да се сфати таа ситуација и не нон стоп да се манипулира и да се кажува дека како град Кичево се однесуваме така што некому не му даваме вода. Тоа не е точно. Тоа никој воопшто не може да го реши, затоа што ние водата ја имаме таа која е, друга не можеме да имаме. Водоводот "Студенчица" е со таа вода, друга вода не може да има. Меѓутоа мене прашањето и елаборирањето ми е во тоа само да го воведам овој Парламент оти јас вчера реков да не се дискутира, меѓутоа се стави на дневен ред, да го воведам во онаа проблематика во која што јас во текот на мојата дискусијата кажам. Или да довршам вика во сегашните потреби за сите тие општини потребно е 729л/сек. или после 30 год. 1497 л/сек. што велиме сега дека е малку. Ова е вака во однос на еден мал историјата на овој водовод "Студенчица".

Меѓутоа што се однесува до сегашната ситуација јас исто така од оваа говорница на 25.1.1991 поставив неколку прашања до Владата. Јас тие прашања ги поставив не туку така случајно, туку ги поставив заради тие проблеми што се јавија меѓу градовите, Кичево, Прилеп, Брод итн. Заради тие работи ги поставив прашања. За тие прашања воопшто никој нејќеше да мрдне со уште. Не ми одговорија на тие прашања. И тоа оваа Влада сега што е во оставка.

По втор пат од оваа иста говорница се јавив на 25.02.1991 година и пак ги поставив истите прашања. Меѓутоа на тие прашања мене ми се одговори делимично. Јас сакав со тие мои прашања да ја иницирам извршната власт, тие да преземат мерки со што без тие мерки ќе дојде до вакви последици што за нас не се својствени. Од тие причини јас ги поставив прашања и сега не сакам да ги елаборирам сите прашања меѓутоа вака покарактеристичните само кои што сакам да ги елаборирам. Ова затоа што во времето кога велиме дека водоводната мрежа било да е тоа во Кичево или во Прилеп, тие водоводни мрежи се стари водоводни мрежи. Јас знам кога се направи доводната мрежа во Кичево кога се пушти водата бидејќи притисокот на водата беше толку голем, што испукаа цевките низ градот. На оние места каде што се виде водата, тука се санира а онаму каде не се гледа тоа и дев денеска не е санирано. Така да и во Кичево и во Прилеп вода се губи над 40 л/сек. Тоа не е мала количина на вода. Еве сега зошто тие прашања ги поставив. Еве зошто, прво прашањето го поставив за Осломеј и реков вака - од каде и колку средства се обезбедени за застојот од 17 дена на ТЕ "Осломеј". Еве зошто го реков тоа.

**ГЛАСОВИ ОД МЕСТО**: (реагирања)

IX/8

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ве молам еве укажувам на говорникот дека треба да се држи за она што е денеска на дневен ред, а не тоа што било на 25.1.1991 или 25.11.1992 година.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Па тоа е тоа. Тоа е, јас не знам што треба да дискутирам. Јас нон стоп

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако не знаете немојте. Тоа што знаете дискутирајте за она што е денеска.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Јас незнам, тоа е исклучиво јас што мислам да дискутирам. Еве зошто. Ќе ве молам јас многу учтиво секој пратеник го слушам што дискутира. Многу учтиво седам, никогаш не ја напуштам седницата и многу учтиво ги пратам сите разговори и секого учтиво го слушам што сака да каже. Јас мислам дека и мене ми е ред, и јас сум бирано лице на луѓе, луѓе кои што ме избрале како пратеник во овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тогаш држете се за темата. Имаме обврска за тоа да се држиме.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Па зошто се држам освен за темата. Јас не зборувам ништо ново.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја ислушавме информацијата на господин Лапевцев и за тоа зборувајте, а не за тоа што било пред пет години.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Не е ова пред пет години господине претседателе. Ова е на 25.1.1991 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сте и поставиле прашање на владата која што тогаш не беше избрана. И на 25.11 владата не беше избрана. Дајте кажете за ова што е на дневен ред.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Значи јас, штом поставувам прашаше не треба да ми се одговара. Тоа е вред. Само она што се зборува во друг интерес тоа е одлично.

На ден 24 добро нема што да дискутираме, јас имам констатација дека секоја моја дискусија вие ми ја прекинуваме и не сакате да дискутирам.

X/1 CC/CJI

**СТОЈАН .АНДОВ:**

Се разбира не е точно. Никогаш не сум ве прекинал. Ова е сега затоа што ја напуштивте темата. Тоа ми е должност.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Ви се молам, мислам дека зборувам за водоводот Студенчица. Не зборувам за водоводот Злетовица воопшто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го градиме сега тој водовод. Немојте за тоа. Зборуваме за распределба на водите.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Мојата констатација е таква и нема што да дискутираме. На ден 24 јули 1992 година измерена е од Стручните служби вода, пред пет дена и се вели дека на каптажата има 1100 литри во секунда. 260 литри во секунда има прелив од каптажата. 840 литри влегуваат во цевоводот. Или, сега одиме понатаму, во разделната грана во с.Другово капацитетот на цевоводот е 260 литри од Кичево. 160 литри се влезени во цевоводот на Осломеј. Повеќе не можат да влезат. Или, вкупно 420 литри одат за Прилеп. Никаде на друго место.

Е сега, 174 литри се измерени на Барбарос. Кога ќе се извадат овие од 840 420 и 174, остануваат 246 литри вода во секунда што не се знае каде се. Дали се во ова што ја покажував шемата, дали се тие низ селата од Кичево до М.Брод или од М.Брод до каптажата на Буковиќ, тоа воопшто не се сака да се дискутира. А, што се однесува до минималниот хидробиолошки минимум, еве вчера со тројца пратеници веднаш отидовме на р.Студенчица, може да се формира комисија и таа може да констатира дали во р.Студенчица тече вода. Нема ниту капка вода. Нема капка, а не 2

40 литри како што се тврди овде дека течат во реката. Односно во сливот на р.Треска.

Јас само туку, но пак повторувам г-дине претседателе, мислам дека целокупната моја дискусија е во врска со водоводот Студенчица, и мислам дека како што дискутираа другите дискутанти требаше и мене да ме оставите да кажам некои работи што јас , не ве обвинувам ниту вас, ниту Парламентот, ниту било кого, туку ја обвинувам Владата, која како Влада не презеде никакви соодветни санкции тој народ, било да е Бродскиот, било да е Кичевскиот, или било кој да го смири и да не постои оној револт што се јавува кај овие луѓе.
Сполај му.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа господин Жута и не сакаше да ја прифати оваа точка, затоа што без напишан материјал немаме рамки за што да дискутираме. Вака си земаме право да ги враќаме работите со години назад. Ве молам да се држиме за темата, како што е формулирана во дневниот ред.

**БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ:**

Вчера доставив до Вас неколку заклучоци. Да ги читам нема потреба, сте ги прочитале.

Во врска со тие заклучоци , во врска со првиот заклучок, мерењето на изворот Студенчица, треба да се врши секој ден, бидејќи временските прилики се такви, а и природата на изворот е таква што придонесува степенот на променливоста на издашноста на изворот да биде доста голема.

Паралелно на тоа, неминовно е да се врши распределба на водената количина спрема Водостопанската дозвола која сега се наоѓа во Јавното претпријатие Студенчица Злетовчца, а исто така и во Министерството. Спрема истата, точно се знае на кои потрошувачи процентуално, според издашноста на изворот, им следува количина на вода и кој колку вода треба да добие.

По вториот заклучок, за да се извршат дејствата од првиот заклучок, по законски пат Службата за обезбедување од изворот Студенчица и разделната градба во с.Другово треба да се отстрани, од причини што не ја врши својата работа професионално.

На нивно место барам да дојдат припадници на МВР или Министерството за одбрана т.е. Армијата. Ова го барам од причини што целата оваа криза настана со незаконско манипулирање и експлоатација на регионалниот водовод Студенчица. Во овие објекти народски кажано влегуваат и излегуваат неовластени лица кои едноставно ги вртат вентилите и ја насочуваат водата онаму каде не треба. Колку е опасно, особено во изворот и какви последици можат да настанат по здравјето на луѓето, вакво влегување на неовластени лица, можат најдобро да кажат господата од санитарната инспекција.

Мерачите на протокот , тоа е во вториот заклучок,

треба најитно да се доведат во исправна состојба, за да се знае кој колку вода троши.

Посебно инсистирам да се постави мерач за општина Кичево. Во изминативе години наназад мерач за Кичево немаше и Кичевчани упорно го одбиваат тоа, а истото го прават и денеска.

Сега сакам нешто малку настрана да укажам на македонската јавност и Парламентот, бидејќи работев на таа проблематика, водоводот го познавам добро и проблемите врзани околу него. Со сета своја одговорност тврдам дека граѓаните на Кичево, секогаш се жалат дека немаат вода, иако добиваат вода повеќе од потребното. Јавноста навистина не можат повеќе да ја измамуваат со тоа што упорно докажуваат дека изворот нема вода. Единствен проблем во нивното немање е неисправноста на водоводната мрежа во градот. Барем за тоа знам, бидејќи таму сум бил мал милион пати. Поточно, нивните водоводи се од мал профил, многу потрошувачи и нормално водата не може да стигне до потрошувачите иако добиваат големи количини.

За тоа како од изворот "испарува" бидејќи во јавноста се употреби зборот "испарува" извесна количина вода, тоа е многу лесно да се објасни.

Првата можност е на преливот, на изворот во реката, ако се пуштат поголеми количини од 50 литри во секунда.

Втора можност е во самиот град Кичево. За тоа спомна и колегата Личоски, заради неисправноста на мрежата, иако нивните резервоари се полни, водата нормално не може да стаса до крајниот потрошувач. Едноставно прелива од резервоарите и оди во неповрат. Каде оди, не знам ни самиот.

И, трета можност е испушташе на водата од ТЕЦ "Осломеј"

Бидејќи Барбарас е повисок, автоматски со спуштање на водата во понискиот дел во Прилеп и Крушево вода нема.

Да завршам, ова се дел од неправилностите што се вршат во регионалниот водовот Студенчица. За да се избегне горе- наведеното, да се овозможи нормална работа на објектот барам да се усвојат овие заклучоци и Владата да постапи спрема нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да укажам дека имаме 54 пратеници во салата, а водиме расправа по важни теми. Нашата расправа има смисла само ако се концентрираме на изнаоѓање решенија што ќе ги смират страстите и состојбите и во едниот и во другиот и во целиот тој крај. Инаку, ако само ги распалиме работите , нема да ја постигнеме целта на расправата.

Затоа ве молам да се концентрираме на барање решенија. Тоа Владата го посочи и да видиме сега дали можеме да се произнесеме по предлозите што се сега изнесени, ставовите што ги изнесе министерот. Молам, да работиме малку поконцентрирано. Во овој момент не сме во состојба да донесеме никаква одлука, бидејќи немаме кворум, а расправа можеме да водиме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, Уште од почетокот должен сум да кажам дека потполно се согласувам со пратениците од Кичево од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, но ако се повторам со некои нивни излагања , веројатно ќе имате трпение да ме сослушате.

Прилепчаните, во овој случај не ги обвинувам, бидејќи ним можеби им е потребна вода за пиење. Јас, во овој случај ги обвинувам претходните кичевски политичари кои дозволиле овој проект да добие регионален карактер, иако во пракса брзо се покажа дека тој водовод не може да ги задоволи кичевските потреби.

Некои прилепчани тврдат дека градот Кичево има 30 иљјади жители. Господа , тоа не е точно. Градот Кичево има над 60 иљјади жители. Трите општини: Прилеп, М.Брод, Крушево ги задржале нивните стари извори. Кичево го има само овој извор и народот за вакво нешто веројатно ќе каже "преку леб се бара погача" Тоа се однесува за трите општини корисници на овој водовод.

Нам, кичевчаните ни е жал за овие три општини што нема доволна количина во водоводот. Со водата првенствено ќе мораме да ги задоволиме нашите потреби, а особено 19 села пред- видени со проектот на овој водовод. Тоа значи 20 иљјади жители од северниот дел на градот кои во овие тешки денови се борат со жедта и нехигиената. Најалармантна состојба имаме во селата Црвевци, Србица, Тухин и неколку други. Овие села општината Кичево деновиве ги снабдува со цистерни. За овие села и состојбата во нив најдобро е запознат г-динот д-р Тупурковски кој беше на лице место, го посети тоа население. Се убеди каква вода се пие во овие места. Верувам, ако сега господинот Тупурковски ја слуша оваа дискусија, дека му се гади и ден денес од таа вода.

Прашувам, во која земја имаме ваков апсурдитет, да живееше до изворот, а да бидеш и жеден и неизмиен и неиспран, а некој да ти се лути или да ти побара нешто што недостига ниту за тебе.

Предлагам, новата Влада да издвои средства да помогне на 20 илјади жители да се приклучат во овој водовод, а проблемот еднаш за секогаш да биде решен.

Другите три општини да се поврзат со системот Стрежево-Битола, како дополнителен извор. Тоа,според мене, ќе биде трајно решение за овие општини.

На крајот , едно објаснување до господинот министер Лепавцов. Тој спомна индустриска вода за ТЕЦ "Осломеј" од р.Бачишта. За овој проект се зборува уште кога бев дете. Ние тогашните деца се радувавме дека ќе се капиме во езерата што ќе беа за акумулирање на таа вода. Должен сум да објаснам ако оваа река се користи за индустриска вода, тогаш треба да се преселат неколку села. Тоа се однесува за с.Грешница, со голем број на население и куќи. Мислам дека тоа е апсурдитет.

Ме обвини затоа што на вчерашната седница реков дека Владата отишла кога имаше најмногу вода. Повторно ќе го демантирам министерот, бидејќи тоа е сигурно точно. Ако сака министерот точно да се запознае, тој што бил со него е негов колега, во раната пролет. Јас господине министре, повторно ве повикувам да дојдете заедно со дел на некои пратеници да ја измериме водата. Но, да не случи како минатиот пат кога дојдовте со премиерот Кљусев, а не бевме повикани ние пратениците од Кичево.

Господинот Наумовски кој ме спомна и рече дека за овој проект се инвестирани големи средства, околу 40 милиони долари, ако точно разбрав, навистина ми е жал за тие средства, меѓутоа треба да признаеме дека тоа е погрешна инвестиција.

Градот Кичево не е крив од проста причина што нема вишок на вода. А, ако има вишок, верувајте дека ќе го дели со сите вас што сте приклучени на овој водовод.

Џаферовски даде добар предлог, меѓутоа, јас сум само да се смени седиштето. Тој рече дека Јавното претпријатие Студенчица-Злетовица своето седиште да го има во М.Брод. Јас сум да биде во Кичево, бидејќи изворот припаѓа на Кичевчани, и ако се солидаризираме понатаму ќе имаме вода.

Чкатроски рече дека Кичево има повеќе вода него што му треба. Морам да ве демантирам, со моето излагаше реков дека 20 илјади жители во Кичево се борат со жедта и нечистотијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очигледно не ќе можеме да завршиме со оваа точка, ако се држиме до редот до кога работиме. Овде има пријавени уште 5 дискутанти. Имаме уште 15 минути.

Предлагам или за сега да ја прекинеме расправата, да продолжиме кога ќе продолжи седницата, тоа е веројатно најдобро, а до тогаш сепак пратениците кои најмногу земаат учество во расправата и од Кичево и од Прилеп, заедно со претставниците на Владата да се обидат да најдат некои заеднички точки и да понудат некои заклучоци, да се донесат овде, тоа што конкретно Собранието може да донесе. Собранието не може да мери вода. Не можеме ние со тие работи да се занимаваме. Тоа што може.

Предлагам да прекинеме, да продолжиме со завршување на една точка, која по итна постапка овде усвоивме да се реши. Тоа е законот за сметководството. Денеска да ги завршиме сите оние што по итна постапка беа ставени овде.

За збор се јави г-дин Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Заради актуелноста на проблемот со водоснабдувањето, предлагам да донесеме единствен заклучок и тоа да ја задолжи Владата на Република Македонија веднаш да обезбеди услови на Јавното претпријатие Студенчица да ги преземе објектите од регионалниот водовод Студенчица. Со тоа сметам дека ќе се симне проблемот од дневен ред. Никакви други проблеми нема да има, до наредната седница. Некаков ред ќе се воспостави во снабдувањето

Не велиме дека има волку или онолку вода, туку таа што е да се распредели во согласност со водостопанската дозвола каква што едонесена. Ако вака ја завршиме оваа точка, сметам дека не сме сториле ништо и нема да има ефекти од сета оваа расправа. Затоа да донесеме единствен заклучок, Владата на Република Македонија веднаш да обезбеди услови за преземање на објектите од водоводот од страна на Јавното претпријатие Студенчица, со помош на Министерството за урбанизам и другите ресорни министерства што треба да дадат помош во оваа работа. Мислам дека ова би било единствено правилно решение во овој момент, доколку министерот се согласува би требале тоа да го сториме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден проблем постои. Ако донесуваме заклучоци, тоа може само под услов сите што се пријавиле за збор да се откажат.- Ако тие не се откажат не можеме да ја прекинеме расправата. За збор се јавија Ешреф Алиу, Петре Трајковски, Џелил Таири, Петре Трајановски и Цветан Јовчевски. Дали тие пратеници се повлекуваат. (Сите се повлекуваат).

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Јас мислам дека заклучокот е во ред во кој треба да стои распределбата на водата да ја врши јавното претпријатие "Студенчица-Злетовица". Ако овој заклучок не се спроведува што ќе се донесе, секоја наредна седница независно до дневниот ред, јас лично во име на моите избирачи, во име на град Прилеп ќе ја блокирам работата на овој Парламент од оваа говорница.- јас мислам заклучокот да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, без заканувања, ние имаме намера нешто да решиме а не да правиме блокади.

Заклучокот на господинот на Џаферовски го давам на изјаснување.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали е некој против? (4)

Имам едно укажување ми се јавува господинот министер дека бара поддршка за неговото експозе. Сметам дека овие заклучоци произлегуваат од вашето експозе. Министерот предлага Собранието да се изјасни за неговото експозе да се поддржи.

Кој е за нека крене фака? (Мнозинството пратеници)

Дали е некој против?;(12)

Кој е воздржан? (9)

Значи го поддржувате експозето на господинот Лепавцов и го усвоивме заклучокот што го предложија пратениците до Прилеп.

Ве молам службите под итно да го пречистат заклучокот и да го дадат на оние на кои се однесува.

Сега да се вратиме на точката 2 од дневниот ред.

- Предлог на закон за сметководство.

Тој закон е од битна природа, ние ги прифативме причините зошто е од итна природа и нека дојде господинот Стојановски дали сака да објасни околу законот. (нема потреба) Отворам општ претрес по законот. Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес Отворам претрес по текстот на предлогот на законот. Комисијата за финансирање и буџет, поднесе амандман на член 2, а ЗПК поднесе амандмани на членовите 1 и 2, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (мнозинството)

Дали има некој против?(1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

XI/3.-

Констатирам дека Законот за сметководство е донесен.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас би молел за малку трпение на денешната седница да продолжиме колку ќе биде потребно уште 10 до 20 минути да расправаме по Законот за изменување и дополнување на Законот за платите. Мислам дека расправавме вчера во начело, се согласивме оваа проблематика е таква што сметам дека не треба да се остави за продолжение на седницата и мислам дека ние денеска можеме доста брзо за оваа проблематика да расправаме и да одлучиме. Мислам дека јавноста чека на овој закон и да ја расправиме п оваа точка од дневниот ред која ја усвоивме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш ќе поминеме преку оној лимит како што сме се договориле да работиме до 17 часот. Тоа е седмата точка од дневниот ред.

Дали Собранието прифаќа да ја разгледаме таа точка.

Кој е за, молам да крене рака? ( 43)

Значи се прифаќа да продолжиме со работа.

Тогаш минуваме на **точката 7** - Предлог за донесување на закон за изменување п дополнување на Законот за исплата на платите п други надоместоци и дивиденди во Републиката, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на закон п извештаите на Комисијата за труд л социјална политика Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за економска поли- тика и развој п ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

XI/4.-

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите п други надоместоци п дивиденди во Републиката.

Кој е за, молам да крене рака? (46)
Кој е против? (6)
Кој е воздржан? (4)
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој е за, нека крене рака? (50)

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува? (8)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе п Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувани пратеници, кај мене како пратеник од так наречените непроизводни дејности предложениот предлог' за донесување на закон за изменување п дополнување на Законот за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката со Предлог на закон предизвикуваат повеќе нејаснотии.

Прво, дали е предложениот закон е инспириран од нови сознанија во сферата на економските состојби во стопанството и вонстопанството, односно дали Фондот за здравство и останатите буџетски позиции за вонстопанските дејности се преполни, па единствена пречка за ревалоризација на платите п следствено на тоа подобрување на стандардот на вработените е немање на закон кој тоа би го регулирал, па

XI/5.-

ете предлагачот на законот ни го понуди спасот, ние треба само да се согласиме и да се спасиме.

Второ, дали предложениот закон претставува нова позиција и надградба на Антиинфлационата програма, прифатена од овој Парламент, или па амбицијата на законот се да го прошири инфлациониот дрен кој и онака не е така тесен. И на крајот донесување на ваков закон без покритие, а велам без покритие, бидејќи не ги посочува изворите за негова реализација п евентуална ревалоризација на платите има( по мое длабоко уверување,единствено емисиона логика, а таквата логика може единствено да ни ја зголеми амплитудата на социјални бранувања.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, вклучувајќи се во расправата, сакам да укажам на неколку клучни моменти, кои според мое видување, определуваат за поддршка на овој закон. Кој се тие. Еве вака: Во теоријата, исто така и во практиката при донесување на Антиинфлационата програма п нејзиното, исто така спроведување во скоро сите случаи се тргнува во ограничување на личните доходи, но никогаш скоро до крај, без да се даде од еден процент на пораст, можеби и минимален процент кој ќе значи во услови на стабилизирање на токовите на вработените да им се овозможи определен таканаречен оптимизам, или стимул за поголемо работно ангажирање, бидејќи само на таков начин може да се оди напред.

Во нашата Програма што ја донесовме Антиинфлациона програма што ја донесовме на 26 април, не беше предвидена можност на зголемување на платите од оној лимит кој што тогаш го утврдивме, иако на комисијата за финансирање и буџет беше укажано на една таква можност, но сепак после бурна расправа да произлезе дека најнапред треба да се

XI/6.-

видат ефектите, па потоа да се предложи измена на Законот, но се случи тоа што се случи, Владата е во оставка и таа ќе ни предложи една ваква измена ка Законот, иако тогаш ни беше сервирано дека ќе биде понудена п со овој Закон ,понуден од страна на Бранко Арсовски, му се остава на Парламентот сам да одлучува за една така деликатна проблематика. Но сметам дека треба да се биде некојпат и пред настаните, за да отпосле не се гаси пожар. Мислам конкретно на следното: вработените во неколку области, како што е стопанството, да ги земеме рудниците, понатаму образованието, здравството и некои други групации најавуваат дека не се задоволни од платите кои што ги нуди овој закон за ограничуваше. Тоа на нас како Парламент дали ќе ни биде доволно, или ќе чекаме дотолку да се усложнат работите, па дури отпосле да интервенираме, како во многу други случаи. Исто така(сакам да кажам дека се залагам за зголемување, така како што е предложено во Законот на личните доходи и во стопанството, но исто така и во нестопанските дејности. Сакам да укажам на одредена нелогичност која ја изнесов исто така кога ни беше понуден и Законот со кој што Владата ни нудеше ограничување на пензиите на пензионерите. И тогаш реков дека според овој закон кој со поместувањето на рокот целиот товар на Антиинфлационата програма во делот на личните доходи падна на товарот на здравството, на образованието, на културата и на органите на управата, т.е. на голем дел на општествените дејности.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:** (Продолжение) .

Со Законот за платите што го донесовме на 26.04. оваа година се дозволуваше уште со неговото донесување беше пробиен овој закон, мора тоа отворено да го кажеме. Ако беше пробиен и ако во исплатата конкретно кога беше и за пензионерите, личните доходи во стопанството беа покачени за 40,8%, тоа треба нешто да говори и за односите во распределбата и во општествените дејности. Инаку, доследната примена на овој закон кој сега го имаме во сила најдоследно се применува во дејностите што ги спомнав, така што доведе до тоа еден лекар да има личен доход од 50 до 60 илјади денари, платата на еден наставник да изнесува 40 до 45 илјади денари, еден професор да има плата од 60 илјади денари, па ако сакате и еден министер со 110 илјади денари. Да споменам и тоа, бидејќи доста се манипулира со платата на пратениците а таа изнесува околу 100 илјади денари или претседателот на Републиката со 140 илјади денари.

Со овие показатели излегува дека во сегашните услови вредностите на некој начин се девалвирани. Така на пр. еден судија во врвните судови има плата од околу 80 илјади денари. Тоа заостанување може да се види и преку статистички податоци. Еве како.

Исплатениот личен доход во месец мај во општествените дејности заостанува за 53,1% конкретно во образованието, 37,6%, тоа е позабавен пораст во однос на стопанството.

Во здравството дури имаме најголемо заостанување или позабавен пораст на платите во мај во однос на стопанството за 60,3%.

Во општествено - политичките заедници тоа заостанување е 61,2%

Да не должам многу, сметам дека стабилизирањето на токовите во државата треба сите да ги поднесеме ако нееднакво, тогаш барем приближно еднакво на ниво на кое што е издржливо и кое нема да значи како одлив на високо образовани стручни кадри исто така и на тоа да ја опфати сите вработени одредена апатија. Сметам дека со Законот за платите само се дава еден стимул понатаму за постигање на подобри резултати како во општествените дејности така и во стопанството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот Џелил Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Ќе бидам сосема краток, пред малку го добивме Извештајот од Комисијата за економска политика и развој каде се наведени заклучоците кои се идентични со Комисијата за буџет и финансирање. За да не ве замарам сметам дека, а тоа го кажа и колешката Славјанка и сметам како такви да ги прифатиме.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, Јас нема што да дискутирам, го поддржувам предлогот на претседателот на Комисијата за финансирање, но сакам да укажам само на една работа. Ние секогаш одиме со проценти во покачување на платите. Некни кога го донесовме Законот за пензиите и на 30 и 40% и на 180 пак 40% и стално одиме во раскорак на тие работи. Колку ќе помогнеме на овие со ниски примања што имаат 25 и 40 илјади денари со 50% зголемување иако велиме дека и кај нас се мали платите 100 и 150 илјади денари пак 50%. Потенцирам каде има високи плати над 300 илјади денари и други и ако и тоа оди со 50% значи сосема ќе изгубиме

XII/3.-

контрола во распределбата на личните доходи и со тоа пак ги сакатиме онаа маса на работен народ што има 25 и 30 иљјади денари личен доход. Сметам дека инфлацијата и поскапувањето на продуктите за сите е еднакво и спрема тоа барем минимално да почнеме да го намалуваме овој обем на проценти право пропорционално и обратно пропорционално покачување на личните доходи. Во другите земји покачувањето кога ќе дојде за покачување на цените и на животниот стандард ги делат подеднакво на сите, а не колку е неговата плата. Кога еднаш ќе дојде работникот до израз на поголем личен доход сразмерно на високите плати кои сега ги имаме во нашето стопанство или друг општествен живот.

Еве на пример земете ги просветните работници, нив секогаш ги запоставуваме. Здравството исто така. Ако пак одиме со таква стапка на зголемуваше значи пак ги ставаме во иста положба. Сметам кај големите плати треба еднаш да ставиме една стапка на помал процент или тоа зголемување да оди линеарно кај сите затоа што скапотијата е еднаква за сите. Нема фурна или месарница со проценти за некој повеќе за некој помалку, туку месото и лебот за сите е исто и спрема тоа проценти треба да се брише.

**ФАИК АБДИ:**

Морам да ви кажам се чувствувам погоден од прашањето поставено од колегата Ќелешов, бидејќи навистина задира во суштината на проблемот. Што е тоа што сакаме ние денеска да створиме, што е тоа што сакаме да направиме.

Високо го ценам излагањето на д-р Бекир Жута на вчерашната седница кој говореше многу јасно што значи пробивање на тој платен фонд во оваа ситуација кога имаме податоци дека 24% ни опаѓа индустриското производство. Мислам дека ние мора да сме свесни господине Ќелешов и

други колеги што така мислат, па и претходниот дискутант ние не сме во социјализмот ниту одиме кон комунизмот по пат на теоријата на еднакви стомаци, ние сме се декларирале во кое општество сме. Мислам дека не треба во овој момент да спомнеме што е реално и номинално, што е тоа животни трошоци. Ние знаеме. Страшно ни опаѓа куповната моќ, страшно ни опаѓа животниот стандард. Затоа треба да бидеме смели малку по храбри, но и стопанството поготово тоа треба многу поголем ангажман, а сето тоа е поврзано со индустријата, со аграрот, со признавањето на државноста, со отворањето на пазарите, поголемо производство. Знаеме каде се наоѓаме затоа треба да бидеме смели во овој момент, јас сум за тоа закотно да се изгласа.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитувано колеги заедно со колегата Давчев имаме поднесено амандман за оваа материја, но не мислам да дискутирам по амандманот. Мислам дека секое администрирање во областа на стопанството што го имаме сега и од Владата, а и тука што предлагаме покачување на платите, 30,50,70% или колку и да е не се совпаѓа со моите сфаќања за реална економија иако имам поднесено ваков амандман мислам дека тоа треба да се отфрли. Најдобро е да пуштиме платите да се исплаќаат од реални извори. Секое претпријатие ако има реална можност да исплати нека исплати, а вонстопанстовот ако има реални можности од реални извори од Буџетот и друго исто така платите да се исплаќаат од тие извори. Секое друго покачуваше на платите, иако сум свесен дека платите длабоко заостануваат заради инфлацијата за трошоците на живот и во стопанството и вонстопанството, и дека се мали и во едната и во другата сфера, секое друго покачување на тие плати ќе има последици кои ќе резултираат во неколку сфери:

XII/5.-

Прво, ќе предизвика зголемување на сите видови давачки. Дали тоа ќе бидат даноци, дали по буџет, или придонеси по плати за да се обезбедат реални извори. Тие покачувања повторно ќе паднат на наш товар.

Второ, ќе предизвика енормна инфлација која знаеме дека е енормна галопирачка и платите секогаш ја губат битката. Сега ќе ги покачиме платите за 30 или 50%, колку ќе се договориме, но за месец два платите ќе бидат далеку помали од сега. Сега ако имаме 100ДМ со покачување од 50% наредните месеци ќе спадне на 80ДМ, тоа го докажуваат неколку наши соседни републики.

Трето, сите столбови на сегашната реформа паѓаат во вода, а еден од столбовите се личните доходи.

Покачувањето на платите ќе предизвика инпут на трошоци во столарството, бидејќи платите влегуваат во трошоци и овие претпријатија кои се добри извозници ќе дојдат во ситуација цената на марката од 360 динари нема да ги покрива трошоците, ќе дојде до барање во истиот Парламент или пред Владата да се зголеми марката. Зголемувањето на марката ќе предизвика нова асцелерација на зголемување на трошоците и така до бесконечност.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи господинот Насев кажа некои работи што можам да ги прифатам како сопствена аргументација нема да го повторувам тој дел меѓутоа, сакам да укажам на две принципиелни прашања.

Прво, да потсетам дека од прилика поминаа само три месеци овде во Парламентот го прифативме она што сега сакаме да го менуваме , што е крајно несериозно за нормални прилики а камо ли кога се работи за нешто што е во пакетот на Антиинфлационата програма.

XII/6.-

Второ, принципиелно прашаше е во развојот на стопанскиот систем на Република Македонија во делот на она што сакаме да се воспостави како пазарна економија и околу трансформацијата на сопственоста. Сметам дека ова само залажување со интервенции кои, како што слушнавме, немаат реален извор од каде ќе се покријат само оди како додатен отпор да се обесхрабрат оние иницијативи кои водат кон трансформација во приватна сопственост и промена на структурата на стопанството на Република Македонија. Мора еднаш ако тргнеме по тој пат, да го следиме тој пат и луѓето наместо да добиваат лажна сигурност дека може да се надмудри инфлацијата процесот со нешто што никаде во светот не услеало да се завртат кон сопствените приватни иницијативи и барање излез во индивидуалната односно приватната иницијатива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Ќе бидам многу краток, немам намера да дискутирам, но испаднаа одредени дискусии и бидејќи сум еден од подносителите на законот само мал коментар на одредени работи кои беа изнесени овде. Бидејќи сум со предлагач на законот, законот никому не обезбедува личен доход, да бидеме на јасно. Законот обезбедува рамка во која можат да бидат зголемувани личните доходи. Останува правилото секоја организација ако има услови ќе ги зголеми личните доходи, а ако нема услови нема да ги зголеми. Условите се стекнуваат со работа, производство, продуктивност, трошоци, и цени. Спрема тоа, овој закон не значи дека веднаш за тоа што е донесена граница на одмрзнување односно зголемено е нивото каде се замрзнати личните доходи дека секому ќе му се зголемат личните доходи за процентот кој овде ќе го договориме. Треба да има реални извори, јас се согласувам со тоа, и не би требало, значи ние донесувам рамка, а не правилници во работните организации.

Еден од пратениците дискутираше дека треба да донесеме различен процент кај некого. Тоа е регулирано со правилниците и со колективниот договор на гранките и во тие рамки треба личните доходи да се исплатуваат. Ова е само рамка да не биде ограничено нивото и јас се согласувам со одредени дискутанти дека во Антиинфлационата програма треба дел од товарот да го понесат и личните доходи, но не можат личните доходи исклучиво да бидат тие кои ќе ја поднесат тежината на Антиинфлационата програма. Практично таа е пробиена со сите сидра и други параметри. Ако не беа зголемени цените на животните трошоци најверојатно немаше да има реакција за личните доходи. Не може сето друго да оди, а личните доходи да остануваат. Требаше во Антиинфлационата програма да има такви мерки, такви критериуми, и такви сидра да ги држи другите параметри и тогаш личните доходи ќе останеа на место каде требаше да останат, а сега само личните доходи останаа на тоа ниво, а сето друго отиде. Тоа е причината да треба да овозможиме нивото да се зголеми таму каде има услови, а таму каде нема најверојатно ќе нема. Тоа е дел од пазарната економија, а никако не можам да се согласам со дискутанти дека овде со закон треба да кажуваме на тие што имаат помалку или повеќе, тоа не е закон, тоа е правилник, тоа е Работа, услови за работа, одговорност за работа, резултати од работа, и таму треба да се решава. Тоа беше мојот коментар по таа работа, јас и вчера дискутирав и мислам дека законот треба да се донесе да обезбеди рамка да може стопанството да се снаоѓа во таа рамка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господин Арсовски.

XII/8.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, нешто да кажам за мотивот за поднесување на овој закон.

Мислам дека има многу аргументи да се поднесе еден ваков закон во случајот ако се назираат сите статистички податоци - изворни податоци од Заводот за статистика за 1992 година, заклучно со мај месец. Во тој однос јас ќе ве потсетам бидејќи вчера дадов едно образложение во врска со предлогот за измени и дополнувања на дневниот ред и поставување на оваа точка во дневниот ред. Јас не би се повторувал во тој дел. Исклучиво ќе се задржам само две минути да ви соопштам некои статистички податоци кои одат во прилог на поднесувањето на овој закон.

Прво, би ве потсетил дека првиот елемент претставува што во првите шест месеци од оваа година личните доходи реално опаднаа за 1/3, или за 34,9%.

Второ, ова опаѓање не е рамномерно во однос на стопанството и нестопанстовто. Тоа се случува дека во стопанството личните доходи опаднаа само за 22,3% додека во нестопанството за 60,2%.

Трето, еден работник во стопанството прима личен доход во рамките на 78% реално додека во нестопанстовто 40%. Тоа е реално опаѓање на личните доходи во рамките на зголемените животни трошоци. Порастот на цените за првите месеци од 1992 година изнесоа 543% и како резултат на ова животните трошоци растеа со 341,7%.

XIII/1 пј/вц

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (продолжение)

Петто, забележлив е пораст на животните трошоци, а за последните месеци април, мај и јуни во однос на мај кумулативно за 243,2%, што е многу битно исто така платите на субјектите поместени во член 4 од постојниот закон во вонстопанските дејности итн. се она што се присутни, не оствариле право на зголемување на личните доходи како постојно право за 58,1%.

Седмо, во критичниот момент на донесувањето на законот и неколку дена по донесувањето најголемиот дел од стопанството, стопанските организации ги зголемија личните примања преку разни облици и надвор од утврдените износи на постојниот закон. Како резултат на самоупратени придонеси и пријавени лични доходи преку СОК е забележано зголемување на просечниот личен доход во Републиката за цели 40 и повеќе посто. Ваквото зголемување на просекот императивно влијаеше и на зголемувањето и на пензиите за 48,8%. Со вакво зголемување на личните доходи изостанува во општествените дејности што мора да се потврди преку изворни статистички податоци, односно може преку овие податоци да се повтори разлика меѓу стопанството и нестопанството. За пример 5.03.1992 година во стопанството е забележано зголемување од 161,1 додека во нестопанството е забележано 141,7 или разлика од 19,4%. Што во ваквата разлика не е подеднакво присутна во сите сфери од општествените дејности ако се има предвид за анализа просечниот исплатен личен доход за период јануари - мај 1992 година и односно во однос на 1991 година. Стопанството остварува просек од 27,307 со пораст од 499,0, додека нестопанството остварува просек 31,442 или 403,9. Разлика се јавува за цели минус 95,1 индексни поени. Имајќи ги предвид сите вакви состојби кои настанаа, затоа и предложив закон за да се подобри животниот стандард и материјалниот статус воопшто и во стопанството и во нестопанството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандмани на член 2 и член 3. А Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 4 со кој се согласил предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандмани по член 3, во членот 4 за додавање на нов член 4-а и за пренумерација на членовите 4,5 ,6 и 7 и на пратениците Санде Давчев и Панче Насев поднесоа амандмани на член 3-а и член 3 кои се однесуваат на член 4 со кои не се согласи предлагачот на законот. Пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандман на член 3-а и на член 4, меѓутоа на Комисијата за економска политика и развој ги повлече.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Симеон Иванов.

Дали некој бара збор?

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници само малку трпеливост. Јас на вчерашната седница изнесов дека се повлекувам од законот и да се обидам со амандманска интервенција да ги решиме одредени мои разлики и размислувања со законот од колегата Бранко Арсовски. На комисиите што расправавме успеавме да усогласиме одредени работи и повлеков два амандмани, тоа е амандманот 1 и амандманот 5, односно се согласивме дека рамката за зголемување на можностите е 1,5, од 50% или коефициент 1,5. Останаа три амандмани кои практично се во пакет еден и таму е битен амандманот 3 а а амандманот 2 и 4 практично се содржани тука и до колку тој иде идат и тие.

Јас на комисиите потрошив доста време, доста аргументи но немаше слух за таа работа и сметам дека сум во право, имајќи го предвид времето во кое сме и бројот на пратениците во интерес за да би се донел законот да не би дошло евентуално до надгласување и овој закон да не биде никако донесен, во интерес на тоа ги повлекувам амандманите иако ќе ја искористам приликата во нареден пат да укажам дека навистина мојата поставка е подобра од ова што е дадено во решението, бидејќи ова решение стимулира изигрување на законите кои досега се прават. Јас принципиелно се залагам донесените закони да се почитуваат а не да се изигруваат. Прифаќајќи го изигрувањето од минатиот закон сега, во овој закон практично стимулира и понатаму, но поради времето ги повлекувам амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи господинот Симеон Ивановски ги повлече амандманот минуваме односно отворам претрес по амандманот на член 3-а поднесен од пратениците Санде Давчев и Панче Насев.

Дали вие останувате на амандманите?

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Пред малку реков дека најдобро е дека нема никакви проценти, бидејќи зад процентите секогаш се крие лошо и добро. Во моментот кога се донесат процентите некој е добар, некој е лош и да ги замрнеме платите на тоа ниво, после ќе се подобри ситуацијата, нема право да исплаќа и обратно, така што процентите се непопуларна категорија во автономијата и секое администрирање нормално.

Овој амандман што го поднесовме јас и Давчев исто така е во таа сврха непопуларен, бидејќи одредува и ограничува. Зошто се одлучивме да го дадеме амандманот со 30% покачување во стопанството а 20% во

нестопанството. Не сакам да потценам ниеден труд и не сакам да кажам дека луѓето во стопанството повеќе вредат од луѓето во нестопанството. Меѓутоа од практични причини сметам дека во стопанството во моментот нема можности да се исплаќа од 30% и се сомневам дека многу претпријатија имаат можности да исплатат 30% повеќе од сега. Денес има многу претпријатија во Републиката кои не се во можност и правото сега што го имаат нема да го исплаќаат. Така, имаме плати кои се далеку пониски од правото со кое располагаат. Моја претпоставка е дека претпријатијата не ќе можат да исплатат 30%, туку ќе исплатат со просек многу помал, можеби 20 или 19%, така што практично ќе се создадат реални услови, реални извори за покачување на платата во вонстопанството некаде 20%. Од тие причини предлагам вака да биде срочен амандманот 30% со 20%. Тоа не од други причини дека ги потценуваме едниот или другиот труд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е објаснување и прашувам дали го повлекувате или не го повлекувате. (не го повлекува).

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 на член 3-а поднесен од пратениците Санде Давчев и Панче Насев.

Отворам претрес по амандманот на член 3 кој се однесува на член 4 поднесен од пратениците Санде Давчев и Панче Минов.

Дали останувате на овој амандман? (остануваат)

Дали некој бара збор?

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Јас би сакал само едно дообјаснување, бидејќи во законот што го предложи Бранко Арсовски има тука едно толкување дека усогласувањето за нестопанството ќе изнесува 137%. Тоа значи 58,1% усогласување за месец мај, бидејќи нестопанството зема еден месец подоцна за коефициентите значи, во нестопанството платите ќе се зголемат за 137%, а на стопанството ќе се зголемат 50% и тоа е нереално. Затоа беше предлогот за нестопанството барем со 10% овде, бидејќи согласувањето ќе биде многу поголеми примања од стопанството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака).

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 кој се однесува на член 4 поднесен од пратениците Санде Давчев и Панче Минов.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

52 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (6)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување ка Законот за исплата на другите надоместоци и дивиденди во Републиката.

Ја прекинувам седницата, а накнадно ќе известиме кога ќе продолжиме. Утре треба да работат комисиите за седницата во петок на 31.07.1992 година.

(Седницата прекина со работа во 17,35 часот).